УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Институт за безбедност, одбрана и мир
Постдипломски студии по Мир и развој

Магистерски труд

# Предизвици за човековата безбедност во Република Македонија низ призма на социоекономската компонента

**Ментор**
проф. д-р Марина Митревска

**Кандидат**
Татјана Лазаревска

Скопје, април 2017

Содржина

**Вовед....................................................................................................................4**

**1. Дефинирање на концептот за човекова безбедност................................................8**

1.1 Дефинирање на безбедноста ......................................................................................8

1.2 Историски развој на концептот за човекова безбедност....................................11

1.3 Поимно определување на човековата безбедност ...............................................13

1.3.1 Дефиниции на Обединетите нации за човековата безбедност ...................14

1.3.2 Канадски VS Јапонски пристап: влијание врз концептот за човекова безбедност на Европската унија.............................................................................17

1.4 Димензионирање на човековата безбедност .......................................................20

**2. Предизвици за човековата безбедност.....................................................................24**

2.1 Глобални закани за човековата безбедност.........................................................24

2.2 Новите извори на закани за човековата безбедност ..........................................27

2.3 Социо-економски закани за човековата безбедност...........................................31

2.3.1 Индикатори за социо-економски развој кои влијаат на човековата безбедност .................................................................................................................33

**3. Предизвици за човековата безбедност во Република Македонија.....................37**

3.1 Институционално препознавање на социоекономската компонента на човековата безбедност во Република Македонија........................................................39

3.2 Човековиот развој во Република Македонија .....................................................41

3.2.1 Човековиот развој - средство за економски раст и развој во Република Македонија..............................................................................................................42

3.2.2 Дефинирање на сиромаштијата .....................................................................47

3.2.3 Видови линии на сиромаштија .......................................................................48

3.2.4 Дефинирање на нееднаквоста..........................................................................53

3.2.5 Невработеноста во Република Македонија ...................................................54

3.3 Сивата економија и корупцијата како предизвици за човековата безбедност во Република Македонија.............................................................................................59

**4. Перспективи за човековата безбедност во Република Македонија....................64**

4.1 Анализи на предизвиците поврзани со човековата безбедност во Македонија за период од 2013 до 2015 година.............................................................................65

4.1.1 Индекс на сиромаштија......................................................................................65

4.1.2 Индекс на нееднаквост ..... 70

4.1.3 Анализа за невработеноста во Република Македонија ..... 73

4.2 Перспективи и препораки за концептот за човекова безбедност во Република Македонија ..... 81

4.2.1 Препораки за сиромаштијата која влијае за човекова безбедност во Република Македонија ..... 82

4.2.2 Препораки за невработеноста која влијае врз човекова безбедност во Република Македонија ..... 83

**Заклучок ..... 90**

**Користена литература ..... 94**

## Вовед

Како резултат на распаѓањето на поранешниот социјалистички блок на почетокот на 90-те години од XX век, паѓањето на Берлинскиот ѕид и земањето замав на глобализацијата се создадоа држави и региони чии основни карактеристики беа економската нестабилност, неефикасните институции, екстремниот национализам, етничката и верска нетрпеливост. Сите овие фактори најчесто доведуваа до насилство кои во многу случаи резултираа со подолгорочни политички и безбедносни кризи во овие земји. Променетата геополитичка состојба на Европа, појавата на новите држави, закани и кризи, сосема природно, ги смени безбедносните агенди на меѓународните, владините и невладините организации, односно сето тоа влијаеше врз појава на концептот на човековата безбедност.

Програмата на УНДП - Програма за развој на Обединетите нации (UNDP – United Nations Development Programme) за прв пат во 1994 година зборува за човековите права без разлика на националната, верската и расната припадност[1] и во јавноста се промовираше концептот на човековата безбедност.

Човековата безбедност претставува нова мерка за успешност на националната и меѓународна безбедносна политика, мерка за нивниот капацитет за заштита на луѓето од секој вид на насилство и капацитет за создавање на благопријатни услови за живот. Во сржта на изменетиот безбедносен концепт се човековите права, со посебен акцент на индивидуалните човекови права, демократијата и владеењето на правото. Во последната деценија концептот на човекова безбедност почнува да зазема се поважно место во научните дискусии. Таквиот модел се занимава со безбедносните потреби на индивидуите и заедниците. Имено, бидејќи нема една општо прифатена дефиниција која го определува концептот на човекова безбедност и кои прашања и елементи истиот ги опфаќа, постојат несогласувања во теоријата колку широко човековата безбедност може и треба да се применува.

И покрај тоа што за концептот на човекова безбедност велиме дека фокусот на интерес е поместен од државата кон поединецот, сепак мерките преку кои би можел да се негува и актуализира овој концепт, мора да бидат насочени кон унапредување на капацитетот на државните институции. Во крајна линија непочитувањето и

[1] UNDP: *Human Development Report*. New York – Oxford: Oxford University Press, 1994

загрозувањето на човековите права е индикатор за нефункционални државни институции и недоволен развој на општеството и постоење на висок процент на корупција.

Посебен предизвик за науката, но и за националните држави како ентитети кои треба да ја гарантираат безбедноста на нивните граѓани е да се препознаат елементите на човековата безбедност и да се поддржи нејзиниот развој во постконфликтните општества. Овие општества покрај тоа што се соочуваат со бројни причини за започнување на нов циклус физичко насилство, се соочуваат и со бројни закани за основните човекови права и закани за развојот на општеството кои може да придонесат за обновување на насилството. Многу од денешните конфликти се случуваат внатре во државите и најчесто имаат економски и социјални корени, иако не се исклучени и конфликти кои се резултат на екстремни политички идеи и борба за малцински права и идентитет.

Човековата безбедност станува се позначаен критериум за еволуирање на демократскиот капацитет на современите општества. Промоцијата на основните човекови права, демократијата и концептот за развој претставуваат најефикасна заштита од нестабилност на државата и отстранување на причините за внатрешни конфликти.

Имајќи ги предвид претходно наведените факти, а од друга страна поаѓајќи од фактот дека Република Македонија спаѓа во групата на (пост) транзициски и (пост) конфликтни држави од исклучително значење е да се направи продлабочено научно истражување за предизвиците за човековата безбедност во Република Македонија низ призмата на социоекономската компонента.

Повеќето студии кои ја анализираат човековата безбедност во Република Македонија и потребните реформи кои доаѓаат од неа, може да се забележат во досегашни истражувања на проф. д-р Марина Митревска, проф. д-р Билјана Ванковска, проф. д-р Лидија Георгиевска. И во светски рамки се забележува придонесот за човековата безбедност кај авторите: Ивица Љ. Ѓорѓевиќ, Махбуб ал Хак, Кофи Анан, Садако Огата, Ханс Ван Гинкел, Едвард Њуман, Рамеш Такур и Антон Гризолд.

Имајќи ги предвид погоре спомнатите податоци, може да се констатира дека анализата на човековата безбедност во Република Македонија се прави од страна на мал број автори, но целосно недостасуваат анализи низ призмата на социоекономската

компонента. Оттука е научната оправданост за истражувањето за човековата безбедност во Република Македонија низ призмата на социоекономската компонента.

Во истражувањето уставно загарантираните економски права на граѓаните ќе се земат како минимум стандард за кој државата треба да обезбеди услови за реализирање, но и механизми за нивна заштита. При тоа економскиот развој ќе се анализира не како цел сама за себе, туку како инструмент преку кој треба да се обезбеди поголема стапка на вработување и повисок стандард на живот кај македонските граѓани, а со тоа намалување на сиромаштијата. Во истражувањето се поаѓа од премисата дека високата стапка на инклузивност на македонските граѓани во економските процеси е основната претпоставка за нивна благосостојба и извесна иднина. Оттука, важноста на ова истражување, покрај тоа што има теоретско, има и практично значење.

Овој магистерски труд е систематизиран во четири глави, а како дел од неговата структура се и вовед, заклучок и користена литература.

Првата глава е насловена *Дефинирање на концептот за човекова безбедност.* Во неа е направен обид за сеопфатна теоретска елаборација на терминот човекова безбедност. Во овој контекст разработена е врската на безбедноста и човековата безбедност и историскиот почеток на човековата безбедност. За оваа цел, концептот се анализира низ повеќе призми. Почнувајќи од анализа на развојот на концептот низ историска перспектива, со посебен осврт на дефинирањето од страна на релевантни теоретичари, преку анализа на поимањето на концептот од страна на Обединетите нации и разбирањето од државите кои го имаат имплементирано концептот во официјалните државни политики до современите научни дефиниции. Исто така, во оваа глава од магистерскиот труд направена е сеопфатна анализа на сите сегменти и прашања што се содржани во концептот за човекова безбедност.

Во втората глава насловена како *Предизвици за човековата безбедност,* се прави анализа на глобалните закани за човековата безбедност и предизвиците со кои се соочуваат меѓународната заедница и националните држави, во процесот на заштита на луѓето и обезбедување на пристоен живот, ослободен од страв и неизвесност. Во овој дел од трудот се елаборираат социоекономските закани и индикаторите за социоекономски развој, кои влијаат на концептот и се во сржта на анализата на овој дел од трудот.

Во третата глава насловена како *Предизвици за човековата безбедност во Република Македонија,* направена е анализа на препознавањето на концептот за човековата безбедност од страна на институциите, анализа на уставно загарантираните социоекономски права на граѓаните кои имаат импликации врз концептот. Во рамките на оваа глава направено е дефинирање на прашањата кои претставуваат најголем предизвик за човековата безбедност во Република Македонија, сиромаштијата, нееднаквоста, невработеноста, сивата економија и корупцијата.

Четвртата глава е насловена *Перспективи за човековата безбедност во Република Македонија.* Во неа е направена анализа на индексите за сиромаштија и нееднаквост. Покрај анализата на сиромаштијата, нееднаквоста, невработеноста која се однесува на 2013, 2014 и 2015 година и во која се користени статистички податоци достапни од релевантни извори, даден е и критички осврт на прашањата кои се најголем предизвик за човековата безбедност во Република Македонија, сиромаштијата, невработеноста, нееднаквоста, сивата економија и корупцијата. Во овој дел од трудот даден е и критички осврт на политиките и мерките кои ги преземаат државните институции за решавање на прашањата кои имаат најмногу влијание врз концептот на човекова безбедност и се прави анализа на препораките поврзани со овие прашања кои ги дава Европската унија, во годишните Извештаи за напредок на земјата. Во овој дел од трудот се содржани препораки за намалување на сиромаштијата, невработеноста, нееднаквоста, корупцијата и сивата економија, со цел препознавање и унапредување на концептот на човекова безбедност.

# 1. Дефинирање на концептот за човекова безбедност

## 1.1 Дефинирање на безбедноста

Процесот на глобализацијата го зголеми бројот на економски и еколошки предизвици со кои се соочува меѓународната заедница, се појавија и нови безбедносни предизвици, ризици и закани, се појавија нови актери во меѓународните односи, со што традиционалното анализирање и дефинирање на безбедноста стана претесно. Ново настанатата состојба ја наметна потребата од редифинирање и еволуирање на безбедносниот концепт, со цел ефикасно и навремено реагирање на националните држави и на меѓународната заедница на новонастанатите услови.

Традиционалните дефиниции на безбедноста поаѓаат од начинот на кој државите употребуваат сила за справување со заканите пред се од другите држави и тоа кога е загрозен нивниот интегритет и автономија или пак нивниот политички поредок.[2] Традиционалната безбедност се однесува на моделот каде што државата е примарниот објект на истражување и се фокусира повеќе на заштитата на политичкиот и физичкиот интегритет на суверените држави.[3]

Или пак, традиционалистите, ја дефинираат безбедноста како слобода од објективна воена закана за опстанокот на државата во рамките на анархичниот меѓународниот систем. Стефан Волт на најексплицитен начин го изразува традиционалното гледиште на безбедноста како „заканата, користење и контрола на воена сила".[4] Методи во основата на оваа теорија е позитивистички. Фундаментална премиса на позитивистичкиот метод е тоа што општествените факти, треба да се смета за факт - како и во природните науки.

Посебно внимание заслужува еден од пионерите на проширениот безбедносен концепт Бери Бузан. Имено тој ја оспорува анализата на безбедносните проблеми од страна на припадниците на традиционалната школа, со проширување и продлабочување на безбедносните анализи и по хоризонтала и по вертикала.

---

[2] Ванковска, Билјана. *Меѓународна безбедност – критички пристап*. Скопје: Филозофски факултет, 2011: стр.16

[3] Чинкин, Кристин. *Човековата безбедност против државната безбедност*– Школа за економија - Лондон, Светскиот трибунал за Ирак, Истанбул, Турција 25 Јуни 2005, шеста сесија / Светската безбедносна околина и идни алтернативи: http://www.global-sisterhood-network.org/ content/view/352/76/

[4] Buzan, B.Waever, O. and de Wilde, J. *Security - A New Framework for Analysis*, Colorado: Lynne Rinner Publishers, Inc., Boulder, 1998: p.3

Во хоризонтала смета дека е неопходно да се прошири анализата на политичкиот, економскиот, социјалниот и еколошкиот сектор, додека во вертикала освен анализа на државата како референтен објект, да се прошири и на поединците, различни општествени групи. Во својата основа, теоријата на Бузан го има тврдењето дека „безбедноста тежнее кон ослободеност од закани".[5]

Човечкиот пристап на безбедноста е повеќе центриран кон луѓето и многу научници сметаат дека ги опфаќа несигурностите кои не се закани за државната безбедност.[6]

При анализа на безбедноста неопходно е да се има во предвид фактот дека се работи за комплексен поим кој опфаќа три димензии: индивидуална безбедност, национална безбедност и меѓународна безбедност.[7]

Индивидуалната безбедност[8] или човекова безбедност е релативна и зависи од намерите и акциите на другите членови на современото општество кои можат или да придонесат за безбедноста на другите или да ја загрозат. Ова безбедност се однесува на ослободеност од страв за физичкиот опстанок на поединецот, можност за негов развој и ослободеност од недостаток.

Националната безбедност[9] е фокусирана на напорите на земјата – нација да обезбеди безбедност за сите членови на општеството и да ги заштити од надворешни закани (интервенции, напади, окупација, блокада, итн.), како и од оние во самото општество (закани по редот и мирот, криминални дела, итн.).

Меѓународната безбедност[10] претставува внатрешен безбедносен проблем на системот на држави и светот во целина и на тој начин, тој е колективно добар во меѓународното глобално општество, не само во посебни држави или сојузи.

Додека поимите за индивидуална и национална безбедност ги вклучуваат изворите на закана, од една страна и загрозените субјекти, од друга, заканите по меѓународната безбедност доаѓаат од внатре (т.е. од други земји - членки на меѓународниот систем).

---

[5]Buzan, B.*People, states and fear: An Agenda for security Analysis in the Post-Cold War Era*. Brighton: Weatsheaf, 1991: str 18

[6] Ibid.

[7] Митревска, М. Гризолд, А. Бучковски, В. Св.Џон. В.Е. *Превенција и менаџирање на конфликти: случај на Македонија*. Скопје: Бомат графикс, 2009: стр.17

[8] Ibid., стр.18

[9] Ibidem., стр.18

[10] Ibid., стр.20

Концептот на безбедност за време на периодот на Студената војна е толкуван како територијална безбедност од надворешна агресија и заштита на националните интереси во надворешната политика и како глобална безбедност од заканата од нуклеарна катастрофа, каде акцентот се става на државите, не на луѓето. Безбедноста од аспект на луѓето е заштита од болест, глад, невработеност, криминал, социјални конфликти, безбедност од политички репресии, загрозувања на животната средина.

Во теоријата се појавува нов поим за безбедноста човековиот безбедносен концепт кој претставува врска помеѓу индивидуите, нивните човекови права и безбедноста.

При дефинирање на безбедносните прашања битно е да се знае квалитетот односно карактеристиката што треба да ја има едно прашање, за да биде анализирано како безбедносно. Се смета дека прашањето добива безбедносен контекст доколку има егзистенцијално загрозување на референтниот објект што оправдува употреба на вонредни мерки и активности кои излегуваат од рамките на вообичаените политички процедури.[11]

Дали одредено прашање ќе се третира како безбедносно е работа на политички избор. Имено, тука се работи за процес на секуритизација. значи одредено прашање од страна на политичките сили се става во безбедносен контекст. Сепак, секуритизацијата на референтниот објект не може да му биде наметната, истата за да постои и навистина прашањето да добие безбедносен квалитет, објектот треба да го прифати како таков и да ја оправда употребата на вонредни мерки, излегувањето од вообичаените политички процедури со цел неутрализирање на наводните закани кон него.[12]

Човековата безбедност го менува фокусот на интерес и во преден план ја става безбедноста на личноста односно поединците во општеството[13], за разлика од традиционалниот концепт за национална безбедност кој се однесува на безбедноста на државата. Концептот на човекова безбедност е мултидисциплинарен пристап и опфаќа различни дисциплини како што се развојните студии, меѓународните односи, одбранбени, безбедносни, мировни студии, студии за човекови права, итн.

---

[11]Buzan, B., Waever, O. and de Wilde, J. (1998) *Security - A New Framework for Analysis*, Colorado: Lynne Rinner Publishers, Inc., Boulder, p.21

[12]Ibid., p.31

[13] Митревска, Марина. *Современа македонска одбрана, хумана безбедност:идеја за безбедност на поединецот во општеството*. Скопје: Министерство за одбрана на Република Македонија, 2007: стр.41-51

Развојот на концептот за човекова безбедност започнува кон крајот на 1980-тите години заедно со појавата на променетата безбедносна парадигма во радикално изменетата безбедносна средина со која современиот свет морал да се соочи.

## 1.2 Историски развој на концептот за човекова безбедност

Корените на концептот за човекова безбедност започнуваат уште од периодот на просветителството, кога личната слобода се става наспроти апсолутната диктатура. Бранот на револуции за ослободување од апсолутистичко владеење става акцент на еднаквоста, братството и слободата, каде се добива слобода на народот, кој има слободно мислење и овој период трае до крајот на XX - тиот век.

Современата технологија и средствата за комуникација ни овозможуваат да живееме во свет, во кој иновациите се секојдневие. Тие придонесуваат за појава на чувство на несигурност и влијаат психолошки врз човекот во подолг временски период. Новиот и модерен свет овозможиле развивање на нов концепт за човекова безбедност каде проблемот не е во поделбата на сиромашни и богати, туку во неправдата и гладот кои придонесуваат за нестабилност и социјални разлики кои се резултат на нееднаквоста.

Концептот за човекова безбедност е промовиран од страна на Извештаите изготвени од повеќе мултинационални независни комисии. Групата Клуб на Рим во 70 - тите години во Извештајот за човекова безбедност, акцентот го става на проблемот на луѓето од сите нации:[14] сиромаштијата, уништување на животната средина, губење на доверба во институциите, неконтролирано урбано проширување, несигурни работни места и сл. Во Извештајот се наведува дека човекот се соочува со многубројни притисоци и проблеми кои бараат дејствување и нови перспективи за одржување и подобрување на животните можности.

Во текот на 80 – тите години голем придонес за промена на размислувањата за развојот на безбедноста даваат независната комисија за прашања за меѓународниот развој и независната комисија за разоружувањето и безбедноста.[15]

---

[14]Donella H. Meadows Dennis L. Meadows Jtsrgen Randers William W. Behrens III. *A REPORT FOR THE CLUB OF ROME'S PROJECT ON THE PREDICAMENT OF MANKIND.* New York: Universe Books, 1972: page.10

[15]Митревска, Марина. *Хумана безбедност.* Скопје: Филозофски факултет, 2012: стр.48

Првата комисија го изготвила „Северно - Јужниот Извештај" во кој се нагласува желбата и потребата на човекот за опстанок и постоењето на морална обврска да го реализира тоа. Со самото тоа се наметнуваат и прашањата како што се: како да се надминат проблемите со недостатокот од храна и појава на глад на глобално ниво; како да се надминат проблемите со масовната сиромаштија; како да се надминат проблемите од алармантната разлика помеѓу екстремните услови за живот на сиромашните и богатите. Комисијата од добиените одговори испратила јасна порака дека е неопходен развој на нациите и регионите, на човекот во сите делови на светот и надминување на опасните тензии.

Извештајот на втората комисија под името „Заедничка безбедност" става акцент на воени прашања и основите на националната безбедност, за безбедноста во Третиот свет која е загрозена од сиромаштијата и од економската нееднаквост.[16]

Во извештајот се констатира дека неопходен е достоинствен и мирен живот на луѓето.

Во 1991 година Стокхолмската иницијатива за глобалната безбедност и управување издава „Повик за заедничка одговорност" кој се однесува на другите предизвици на безбедноста, односно на поширокиот концепт за безбедноста, кој се справува со заканите кој што произлегуваат од недоволниот развој: уништувањето на животната средина, прекумерниот пораст на популацијата и појавата на миграции, слабиот напредок во остварувањето на демократијата.[17] Со вака направеното проширување на дефинирањето на безбедноста се прават почетните чекори за поместување границите на традиционалната безбедност и вклучување на аспектите на човекова безбедност.

Во Извештајот на УНДП - Развојната програма на ООН од 1993 и 1994 година се наведува неопходност од промени во концептот на безбедноста, кон нагласена безбедност на луѓето, од безбедност со вооружување кон безбедност на човечки развој, од територијална безбедност кон безбедност во исхраната, вработувањето и заштитата на човековата средина.[18]

[16]Митревска, Марина. *Хумана безбедност*. Скопје: Филозофски факултет. 2012: стр.49
[17] Ibidem., стр.49
[18]Ibidem., стр.49

### 1.3 Поимно определување на човековата безбедност

Во научната литература дефинирањето на човековата безбедност е отежнато како последица на комплексноста и мултидисциплинарноста на самиот концепт. Во меѓународната средина, концептот е дефиниран од Обединетите нации, од Развојната програма на ООН (УНДП) и посебно внимание на концептот во сопствените државни политики посветуваат Норвешка, Јапонија и Канада. Во овој труд дефинициите за човекова безбедност, во зависност од изворот од кој тие потекнуваат ќе бидат анализирани во три групи: дефиниции на Обединетите нации, дефинирање од страна на државите со развиен концепт на човекова безбедност и научни дефиниции.

Индискиот професор Канти Бајпаи смета дека концептот на човековата безбедност се однесува на заштитата на индивидуалната лична сигурност и слобода од директни и индиректни закани од насилство.[19] Според него клучни за концептот на човековата безбедност за управувањето со човековата безбедност се промоцијата на човековиот развој и доброто државно владеење како и колективната употреба на сила и санкции, но главна улога во поглед на човековата безбедност имаат државите, меѓународните организации, невладините организации и другите општествени цивилни групи.[20]

Додека пак, Харвард Линколн Чен, смета дека човековата безбедност е клучна цел на сите безбедносни системи, додека воената безбедност е само средство кое служи за постигнување на крајните цели на човековата безбедност.[21]

Норвешкиот политиколог Астри Сухрке смета дека за човековата безбедност круцијална е заштитата на ранливите категории луѓе, жртвите на војната и на внатрешните конфликти, оние кои живеат на работ на егзистенција и структурно се позиционирани најблиску до социо-економска катастрофа и жртвите на природните катастрофи. [22]

[19]Митревска, Марина. *Хумана безбедност*. Скопје: Филозофски факултет, 2012: стр.46
[20] www.gdrc.org/sustdev/husec/Definitions.pdf
[21]Повеќе во: Lincoln C. Chen, "Human Security: Concepts and Approaches" in T. Matsumae and L.C. Chen, eds., Common Security in Asia: New Concepts of Human Security (Tokyo: Tokai University Press, 1995); United Nations Development Program (UNDP), New Dimensions of Human Security (New York: Oxford University Press, 1994); A. Florini and P. J. Simmons, The New Security Thinking: A Review of the North American Literature (New York: Carnegie Endowment for International Peace, 1998)
[22] www.gdrc.org/sustdev/husec/Definitions.pdf

Според аргументацијата на Мери Калдор човековата безбедност се изразува низ три аспекта, и тоа:

- човековата безбедност е безбедност на поединците и на заедниците во кои тие живеат;
- човековата безбедност ја изразува поврзаноста на ослободеност од страв и ослободеност од недостатокот;
- човековата безбедност е одраз на недефинирана функција помеѓу внатрешната безбедност (владеењето на правото) и надворешната безбедност обезбедена од одбранбените политики на државите.[23]

Ивица Љ. Џорџевиќ потенцира дека човековата безбедност ги опфаќа проблемите со кои се соочуваат обичните граѓани, без разлика на националната, верската или некоја друга групна припадност.[24] Тоа подразбира институциите во општеството да бидат под контрола на демократијата со цел да има развој на концептот за човекова безбедност.

### 1.3.1 Дефиниции на Обединетите нации за човековата безбедност

Распаѓањето на поранешниот социјалистички блок на почетокот на 90-те години од XX век, падот на Берлинскиот ѕид и земањето замав на глобализацијата ја означи новата епоха и новиот период, кој примарно претставува период на променети безбедносни закани, соодветно на променетите меѓународни околности. Со почетокот на новата епоха се појавија и две нови глобални поделби. Едната страна (западните сили и САД) зборувале за голема идеолошка победа и крај на историјата.[25] Фукујама гледал нов простор за освојување и ширење на својот модел за идеална организација на општеството. Другата страна зборувале за идејата за реформи на ООН и воспоставување на праведен и безбедносен свет. Бутрос Гали имал идеалистичка визија за трансформација на регионалните воени организации и вооружените сили на ООН, но под контрола на Советот за безбедност.

[23] www.iss.europa.eu/fileadmin/fichiers/pdf/seminars/annual_2008/03-statement_by_mary_kaldor.pdf-
[24] Dordevic, Lj, Ivica. Ljudska bezbednost-Globallni kontekst i primena u Srbiji. Beograd: Dosije studio, 2013: стр.182
[25] Francis, Fukuyama. *The End of History and the Last Man.* New York: The Free Press, 1992

Програмата на УНДП - Програма за развој на Обединетите нации (UNDP – United Nations Development Programme,) за прв пат во 1994 година зборува за човековите права без разлика на националната, верската и расната припадност[26], кога всушност го промовираат концептот на човекова безбедност во свој документ. Во Извештајот на УНДП од 1994 година се наведува дека концептот за човекова безбедност претставува современ проблем кој се однесува на човековиот живот и неговото достоинство. Во самиот извештај наведени се седум области кои се важни за безбедноста, односно небезбедноста, на одреден простор[27] и тоа се следните: економска безбедност, безбедност на храната, здравствена безбедност, еколошка безбедност, лична безбедност, политичка безбедност и безбедност на заедницата.

Придонес во дефинирањето на човековата безбедност има Махбуб ал Хак консултант на УНДП кој имал клучна улога во конструкцијата на индексот на човечки развој или Human Development Index (HDI). Неговиот придонес за човековиот развој влијаеше врз неговите ставови дека развојот и развојната политика мора да се фокусираат не само на макроекономијата туку и врз благосостојбата на индивидуата. Неговиот пристап е истакнат во неговиот труд „Нови императиви на хуманата безбедност" од 1994 година. Махбуб ал Хак концептот на човекова безбедност го дефинира со одговарање на четири клучни прашања:

- На прашањето „безбедност за кого" наведува дека човековата безбедност не се однесува на држави и на нации, туку на индивидуалци и луѓе.
- Кои се вредностите кои треба да се заштитат? Тој во овој дел подразбира дека индивидуалната сигурност и благосостојба во поширока смисла се примарни вредности.
- Кои се најголемите закани по овие вредности? Наведува дека најзначајна закана е нееднаквиот меѓународен поредок во кој некои држави и елити доминираат и тоа на штета на целокупното човештво, а покрај тоа ги спомнува и дрогата, болестите, тероризмот и сиромаштијата.
- Со какви средства може да се оствари човековата безбедност? Наведува со спроведување на концептот на човечки развој, каде акцент става на правдата, одржливоста со вложување на средства и напори во градењето на мирот, за

[26] UNDP: *Human Development Report*. New York – Oxford: Oxford University Press, 1994
[27] Ibid.

сметка на оние што се вложуваат за воени цели, градење на северно - јужно партнерство засновано на правда, не на милосрдие, што би значело еднаков пристап до можностите на глобалниот пазар, нова рамка на глобално управување втемелено на реформата на меѓународните институции како што се ММФ, Светската Банка, ООН и глобалното цивилно општество.

Во рамките на Милениумскиот Извештај на ООН од 2000 година Кофи Анан се осврнува на конфликтите кои се карактеристични за 90-тите години од минатиот век и кои одземаа повеќе од пет милиони жртви ширум светот. Кофи Анан смета дека тие се причината за промената во пристапот на разбирањето на безбедноста и појавата и развивањето на поинакво и сосема ново сфаќање за концептот на безбедност. Според него да се развие концептот за безбедносните проблеми поврзани со човековата безбедност треба да се прошири хоризонтот за она што го подразбираме како мир и безбедност. Според него, мирот значи многу повеќе отколку отсуство на војна[28]. Според наведеното човековата безбедност не може да се разбира само во воена смисла, таа мора да ги вклучува и следните елементи:[29]

- владеење на правото;
- разоружување и почитување на човековите права;
- демократизација;
- економски развој;
- социјална правда;
- заштита на природната средина

Според Анан, колективната безбедност не е отсуство на вооружен конфликт, помеѓу државите или внатре во државите, туку злоупотребувањето на човековите права, раселувањето на населението, тероризмот, СИДАТА, шверцот со дрога и со оружје, еколошките катастрофи претставуваат директна закана за човековата безбедност. Човековата безбедност не претставува отсуство на насилен конфликт, таа ги вклучува човековите права, примерното владеење, достапно образование и здравствената заштита, каде секоја индивидуа има можност да го реализира својот потенцијал. Тој смета дека ќе се придонесе кон намалување на сиромаштијата, кон

[28]Митревска, Марина. *Хумана безбедност*. Скопје: Филозофски факултет, 2012: стр.41
[29]Ibidem., стр.41

економски развој, кон превенција на конфликти и слобода на идните генерации, за да наследат здрава животна средина. Ова се главните елементи на човековата и на националната безбедност.[30]

Садако Огата, поранешниот Висок комесар за бегалци при ООН, човековата безбедност ја дефинира како можност на сите граѓани да живеат во мир и безбедност во државата, дека луѓето без дискриминација треба да ги уживаат сите права и обврски (човековите, политичките, социјалните, економските и културните права), да имаат еднаков пристап кон социјалните и другите процеси кои ја сочинуваат економската политика, да постои владеење на законот и независното судство. Според него секоја индивидуа во општеството треба да ги има истите права и обврски и да биде предмет на исти правила.[31]

Ханс Ван Гинкел и Едвард Њуман сметаат дека од политички аспект, човековата безбедност е интегрирана, одржлива, здружена безбедност од страв, конфликт, непознавање, сиромаштија, социјално и културно лишување и глад. Оваа концептуализација на човековата безбедност е вградена помеѓу позитивните и негативните слободи.[32]

### 1.3.2 Канадски VS Јапонски пристап: влијание врз концептот за човекова безбедност на Европската унија

Во периодот од 2001 година до 2003 година концептот за човекова безбедност беше актуализиран низ две дебати предводени од владите на Канада и Јапонија. Во канадскиот пристап човековата безбедност се однесува на прифатлив квалитет на живот,како и гаранција на основните човекови права.

Вредностите на канадските документи се однесуваат на основните потреби, континуиран економски развој и општествена еднаквост како неопходност за физичката безбедност и благосостојба на поединецот. Канадскиот пристап се фокусираше на одговорноста да се обезбеди заштита (responsability to protect).[33]

---

[30] www.gdrc.org/sustdev/husec/Definitions.pdf

[31] Митревска, Марина. *Хумана безбедност*. Скопје: Филозофски факултет, 2012: стр.43

[32] Митревска, Марина. *Современа македонска одбрана, хумана безбедност:идеја за безбедност на поединецот во општеството*. Скопје: Министерство за одбрана на Република Македонија, 2007: стр.41-51

[33] Митревска, Марина. *Хумана безбедност*. Скопје: Филозофски факултет, 2012: стр.54

Канадскиот пристап за човекова безбедност посебно внимание посветува на заканите со насилство и според овој пристап УНДП во сегменти ја дефинира човековата безбедност.

Според тоа дали пристапот да биде широк или тесен со акцент на насилството, како компонента на човековата ранливост, Канадската влада се одлучи за втората варијанта.[34] Канадскиот пристап воспостави две главни црти за промовирањето на човековата безбедност и реализирање на Програмата што ја усвои во 2002 година: првенствено да застапува политички иницијативи на мултилатерално ниво како што се договорот против мини или воспоставувањето на Меѓународен кривичен суд и секундарно да иницира и остварува активно партнерство со други влади и претставници на цивилното општество и да ги промовира прашањата поврзани со човековата безбедност. Канада во 2004 година го објави извештајот „Одговорност да се заштити“ и со извештајот се укажува на одговорноста на владите преку колективна акција да ги заштитат жртвите на геноцид, етничко чистење и криминал против човештвото.[35]

Канада заедно со Норвешка иницираше и мрежа на држави кои заеднички ги координираа сопствените акции за поддршка на политиката на човекова безбедност HSN (human security network) во рамките на ООН. Според мрежата човековата безбедност значи слобода од постојани закани по човековите права, сигурност и нивните животи.[36]

Јапонската влада концептот на човековата безбедност го дефинира како зачувување и заштита на животот и дигнитетот на индивидуалното човечко суштество. Политиката за човековата безбедност на јапонската влада се формулира во периодот од 1995 година до 1997 година, под дополнително влијание на азиската финансиска криза. Новите стратегии за економски развој кои ќе ги олеснат проблемите на социјално ранливите групи[37], беа зачеток на јапонскиот концепт за човекова безбедност. Владата на Јапонија во 2001 година основаше комисија за човековата безбедност чија цел беше развој на концептот, кој отстапува од

---

[34] Liotta, P.H., Owen, T.: Sense and Symbolism:Europe Takes On Human Security,The US Army War College Quarterly Vol 36 ,No 3 2006, стр.89-91

[35] Георгиева, Лидија. *Партнери во мир и превенција Регионална стабилност преку човекова безбедност*. Скопје: Фондација Фридрих Еберт Канцеларија, 2008: стр.112

[36] http://www.humansecuritynetwork.org

[37] Георгиева, Лидија. *Партнери во мир и превенција Регионална стабилност преку човекова безбедност*. Скопје: Фондација Фридрих Еберт Канцеларија, 2008: стр.112

традиционалниот пристап поради хуманитарната и развојната компонента која ги поседува.

Според овој пристап човековата безбедност може да биде осигурена единствено кога поединецот е ослободен од страв и ослободен од недостаток на минимум средства за живот, но става акцент на развојот, едукацијата, елиминацијата на сиромаштијата, намалување на невработеноста и остварување на социјалната и здравствената заштита. Всушност јапонскиот пристап се фокусира на одговорноста да се обезбеди развој на секој поединец во општеството (responsability for development).[38]

Овие два пристапи иако во одредени аспекти се разликуваат, сепак тие меѓусебно се надополнуваат и согласуваат. Имено, тие во центарот на сопствената анализа ги имаат поставено заканите по личната безбедност, односно благосостојба. Двата пристапи се согласуваат дека безбедноста како и основните човекови права се загрозени од директно и индиректно насилство. Како примарен објект на безбедноста и за двата пристапи е поединецот[39], неговиот живот, достоинство, благосостојба и континуиран развој. Поради прецизниот начин на анализа, но и имплементацијата на концептот на човекова безбедност во рамките на официјалните државни политики на Канада и Јапонија, овие два пристапи, при анализа на концептот се земаат како примери за успешна имплементација, но и примери кои треба да се следат за прифаќање на концептот во современите општества.

Европската Унија како еден од клучните меѓународни актери кој го прифати концептот на човекова безбедност во извештајот за европските безбедносни способности, Барселонскиот Извештај констатира дека концептот за човековата безбедност е најсоодветната безбедносна стратегија за ЕУ. Преку извештајот се утврдуваат принципите на почитување на човековите права како водечки принципи во остварувањето на безбедноста, се утврдуваат принципите на човековата безбедност и се укажува на потребата од комбинирање на воените и цивилни капацитети за ефикасен цивилен кризен менаџмент.[40] Европскиот концепт тесно ја дефинира човековата безбедност и има аспекти кои го ставаат некаде во средината помеѓу широкиот и потесниот пристап. Тој навистина се фокусира на несигурностите што

[38] Митревска, Марина. *Хумана безбедност.* Скопје: Филозофски факултет, 2012: стр.54
[39] Ibidem., стр.54
[40] Георгиева, Лидија. *Партнери во мир и превенција Регионална стабилност преку човекова безбедност.* Скопје: Фондација Фридрих Еберт Канцеларија, 2008: стр.112-113

произлегуваа од насилството, но истовремено ја нагласува меѓусебната поврзаност на различните видови на несигурност. Извештајот од Барселона дава дефиниција на човековата безбедност и става акцент врз спроведувањето на правото со повремена употреба на сила, каде човековата безбедност е ограничена.

Поширокиот и потесниот пристап за човековата безбедност се базираат на методи кои се воздржуваат од принуда, се разбира кога е тоа можно и кога таквите методи не ја загрозуваат способноста за спроведување на брзи и ефективни интервенции.

### 1.4 Димензионирање на човековата безбедност

Генерално кај концептот за човекова безбедност се препознаваат три доминантни димензии на анализа: човековите права и владеење на правото, еднаквост и социјална правда и безбедност на поединецот во рамките на внатрешната безбедност.[41]

Димензијата на овој концепт која се однесува на човековите права и владеење на правото, се темели на претпоставките за основното, индивидуално право на живот, слобода, среќа и на обврската на националната држава и меѓународната заедница да ги заштитува и промовира тие права. Со Општата декларација за човековите права на ООН од 1948 година, утврдени се триесетина основни принципи за човековите права, групирани на следниот начин: лични права, законски права, право на вероисповед, право на основни потреби, економски права и политички права.

Втората димензија на концептот која се однесува на еднаквоста и социјалната правда е во суштина продлабочена димензија на овој концепт во споредба со првата и ги вклучи и економските, еколошките, социјални и други фактори кои треба да се земат како фундаментални за минимум пристоен живот и благосостојба на поединецот. Во ова пошироко конципирање на човековата безбедност постои силна компонента на социјална правда и потреба од еднаквост помеѓу поединците по сите критериуми и основи.

Третата димензија се однесува на безбедност на поединецот. Според овој концепт глобалната економија, глобализацијата како и животната средина се

[41]Митревска, Марина. *Хумана безбедност.* Скопје: Филозофски факултет, 2012: стр.59

легитимен предмет на загриженост во смисла на тоа како истите влијаат врз безбедноста на поединецот, одговарајќи на следните четири прашања, кои ќе овозможат разбирање на концептот на хуманата безбедност и тоа:[42]

1. Безбедност за кого?
2. Безбедност за кои вредности?
3. Безбедноста од кои закани?
4. Безбедност со кои средства?

Во контекст на концептот на човекова безбедност, одговорот на првото прашање би бил дека објект на безбедноста е поединецот, без при тоа да се маргинализира значењето на националната безбедност.

На прашањето безбедност за кои вредности, станува збор за лична безбедност, благосостојба[43] и индивидуална слобода.

На третото прашање одговорот во контекст на овој концепт би бил закани за безбедноста од нефункционални институции, корупција, економска нестабилност, недоволен развој на општеството, недемократска власт.

На прашањето безбедност со кои средства се смета дека исклучително ефикасни се хуманиот развој[44] (основни потреби и еднаквост, континуираност и демократизација) и политичкиот развој (демократски процеси, норми и институции).

Во Извештајот за човечки развој на УНДП од 1994 година на човековата безбедност и е посветено посебно внимание, каде се акцентираат врските помеѓу човековата безбедност, човековиот развој и промоцијата и заштитата на човековите права, наведувајќи дека традиционалниот концепт на безбедноста мора да биде променет и да стане многу ориентиран кон луѓето односно кон човековите потреби. Извештајот на ОН дава препораки дека без мир нема развој, а без развој мирот е загрозен и средство за постигнување сигурност на човекот, не е оружјето, туку траен развој, економски раст, правично распоредување на приходите и обновување на уништената природна средина.

[42]Митревска, Марина. *Хумана безбедност*. Скопје: Филозофски факултет, 2012: стр.58
[43] Ibidem., стр.58
[44] Ibid., стр.59

На прашањето безбедност за кого извештајот ги критикува традиционалните безбедносни гледишта и инсистира дека објект на кој се однесува човековата безбедност се луѓето односно поединците, како вредности кои треба да бидат заштитени ги наведува сигурноста, благосостојбата и достоинството на индивидуите. Според извештајот како конкретни вредности кои треба да бидат заштитени за концептот на човекова безбедност се: економска безбедност (проблемите поврзани со сиромаштијата); безбеден пристап кон храна; безбедност на здравјето каде се овозможува здравствена заштита и заштита од болести; безбедност на животна средина; лична безбедност поврзана со физичката безбедност од тортура, војна, криминални напади, семејно насилство, дрога, самоубиства, безбедност во сообраќајот; безбедност на заедницата; опстанок на традиционалната култура и етничките групи како и нивната физичка безбедност; политичката безбедност овозможување да се остварат граѓанските права и политичките права и заштита од политички притисоци.[45]

Извештајот локалните закани ги дефинира како закани по економската безбедност; закани по безбедноста на исхраната; закани по безбедност на здравјето; закани по безбедноста на животната средина; закани по личната безбедност; закани по безбедноста на заедницата и закани по политичката безбедност.

Глобални закани според извештајот се: неконтролиран пораст на населението; пораст на нееднаквоста во учеството и делењето на глобалниот приход; зголемена меѓународна миграција; различни форми на пропаѓање на животната средина; трговија и криумчарење на дрога; меѓународен тероризам и сл. Обичните луѓе во нивниот секојдневен живот[46], безбедноста ја доживуваа како заштита од заканите од болести, глад, невработеност, криминал, конфликти и ризици по животната средина.

Во октомври 2005 година ООН ги повика меѓународните институции и државите кон поголема ангажираност и иницијатива во остварување на прашањата на човекова безбедност односно кон глобализација на одговорноста на човековата безбедност.[47]

---

[45]UNDP: *Human Development Report*. New York – Oxford: Oxford University Press, 1994 http//hdr.undp.org/en/reports/global/hdr1994/chapters/hdr_en_chap2.pdf

[46] Георгиева, Лидија. *Партнери во мир и превенција Регионална стабилност преку човекова безбедност*. Скопје: Фондација Фридрих Еберт Канцеларија, 2008: стр.110-111

[47]Ibidem., стр.110-111

Во 2001 година ООН формираат Комисија за човекова безбедност предводена од нобеловецот Амартја Сен и поранешниот висок комесар за бегалци на ОН Садако Огата. Комисијата имала цел да развие политики во 10 области кои ги вклучиле главните аспекти на глобалната сеопфатна човекова безбедност:

- Заштита на луѓето во конфликти со насилство
- Заштита на луѓето од распространување на оружје
- Поддршка на безбедноста на луѓето во движење
- Формирање на транзициски фондови за човекова безбедност за постконфликтни состојби
- Охрабрување на правична трговија и пазари во корист на екстремно сиромашните
- Работење за да се обезбедат минимални животни стандарди насекаде
- Според повисок приоритет обезбедување на универзален пристап до основната здравствена заштита
- Развој на ефикасен и правичен глобален систем за права на патенти
- Оспособување на сите луѓе со општо основно образование
- Разјаснување на потребите за глобален човечки идентитет, во услови кога истовремено се почитува и слободата на поединецот на различни идентитети и припадности.[48]

Комисијата во 2003 година до Генералниот Секретар на ОН го поднесе извештајот „Хумана безбедност сега" со кои се воспоставило Одделение за човекова безбедност и се инструментализира и имплементира концептот на човекова безбедност.

[48] Симаи, Михали. *Партнери во мир и превенција Регионална стабилност преку човекова безбедност.* Скопје: Фондација Фридрих Еберт Канцеларија, 2008, стр.136

## 2. Предизвици за човековата безбедност

### 2.1 Глобални закани за човековата безбедност

Глобализацијата е предизвик за целиот свет, од факторите кои го поттикнаа насилниот криминал, трговијата со дрога, тероризмот, болестите и деградацијата на животната средина и внатрешните конфликти. Губењето на државната контрола и порастот на организираниот криминал, трговијата со дрога, приватните безбедносни сили, допринесуваат до зголемено насилството кон поединецот. Овие појави дадоа придонес индивидуата, поединецот да стане ранлив на економската глобализација, на загадувањето, на болестите на економската нестабилност и сл.

Глобализацијата придонесува за либерализацијата и комерцијализацијата на националните економии, но и за уништувањето на животната средина, нееднаквост во приходите, миграција поради порастот на популацијата, побрзо ширење на болестите, зголемена трговија со дрога, појавата на меѓународен тероризам и граѓански конфликти. Овие појави неопходно бараат создавање на систем за колективно справување со нив.

Во глобалниот процес најголемо влијание има економската глобализација која се состои од глобализација на производството, пазарите, конкуренцијата, технологија како и корпорации и индустрии[49], а се однесува на зголемување на економската меѓузависност на националните економии низ светот. Ова е овозможено благодарение на брзиот пораст на преку граничните движења на стоки и услуги, технологијата, капиталот и работната сила. Глобализацијата не подразбира само економска интеграција на земјите туку и интеграција на други аспекти, како финансиски, културни, политички и социјални. Што би значело дека глобализацијата може уште да се дефинира и како процес на интеграција на економските, финансиските, културните и политички системи низ целиот свет (види слика 1).

[49]Joshi, R.Mohan, International Business, Oxford University Press, 2009, New Delhi and New York, page9-10

Слика 1: Глобализација, холистички пристап




* Извор: Joshi, R.Mohan, International Business, Oxford University Press, 2009, New Delhi and New York

Со глобализацијата се намалува моќта на националните држави, што доведува до ослабување на националниот идентитет и суверенитет како и губење на културниот идентитет.

Демократиите ги избегнуваат меѓусебните судири и ставаат акцент на чувствата на народот кој не сака да војува, бидејќи војните, немирите, бунтовите и конфликтите предизвикуваат немаштија, смрт, осакатување и раздвојување од саканите.

Насилството, внатрешните конфликти и војните не се оправдани во либералните демократии[50], посебно не кога има човечки животи.

Концептот за човекова безбедност се менува после Студената војна. Се става акцент на поширок концепт за мирот и безбедноста, односно се третираат проблемите на популацијата и животната средина, етничката борба, справувањето со оружјето за масовно уништување, илегалната трговија со дрога, болестите како ХИВ/СИДА на меѓународно ниво и итн.

Новите современите закани за човековата безбедност сиромаштијата, економската нееднаквост, болестите, кршењето на човековите права, деградација на животната средина и природни и други катастрофи, го менуваат концептот за човекова безбедност. Со самата промена се препознаваат две димензии: слобода од потреба и слобода од страв. Долг временски период концептот на безбедноста беше поставен во полза на првата компонента, но со распадот на поранешниот социјалистички блок на

[50] Ванковска, Билјана. *Политички систем*. Скопје: Бомат, 2007: стр.100

почетокот на 90-те години од XX - тиот век, падот на Берлинскиот ѕид и земањето замав на глобализацијата, концептот на безбедноста се промени во две насоки. Внатрешните конфликти станаа побројни во однос на конфликтите помеѓу државите.

Вооружените конфликти можат да бидат со среден или висок интензитет, а според бројот на жртвите да се движи околу 1000 жртви годишно или просечно за време траење на конфликтот.[51] Со конфликтите се загрозува човековата безбедност и индивидуалната безбедност на луѓето кои се повеќе стануваат жртви на ова современо зло, ова подразбира  дека претставува една од најраните форми на психолошко војување.[52]

Теоријата на мирот и конфликтите прави разлики помеѓу негативен и позитивен мир. Негативниот мир[53] претставува отсуство на директно (физичко) насилство, а позитивниот мир[54] претставува стратегија за справување со секаков вид на насилство.

Превентивните активности за дејствување против насилството и конфликти, во смисла на оваа теорија се: зајакнување на социјалните и политички права; владеење на правото и правдата; борба против организираниот криминал и перењето пари; спречување на нетолеранцијата итн.

Човековата безбедност претставува нова мерка за успешност на националната и меѓународна безбедносна политика, мерка за нивниот капацитет за заштита на луѓето од секој вид на насилство и капацитет за создавање на благопријатни услови за живот.

[51] Георгиева, Лидија. *Менаџирање на ризици*. Скопје:Филозофски факултет, 2006: стр. 73
[52]Шкариќ – Мурџева. Олга.*Ненасилна трансформација на конфликти во Теории за мирот и конфликтите-читанка*. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први", УКИМ, 2007: стр.12
[53] Гоцевски, Т. Ортаковки, В.  Георгиева, Л. *Разрешување и трансформација на конфликтите*. Куманово: Македонска ризница, 1999:  стр.322
[54]Simic, Dragan. *Pozitivan mir*. Beograd: 1993: стр. 78

## 2.2 Новите извори на закани за човековата безбедност

Во процесот на прифаќањето на концептот за човекова безбедност како дел од националната политика, истиот треба да биде доволно познат и јасен примарно за државните институции, а потоа да се создаде и свест кај поединците за тоа дека почитувањето на фундаменталните човекови права, социјалната правда и еднаквоста се дел од нивната лична безбедност и треба да инсистираат ни нивно бескомпромисно почитување и заштита од страна на државните институции, но и почитување од страна на другите поединци.

Човекови права се потпираат на слобода (слобода на мисла, вероисповед, слобода на говор и изразување), еднаквост (еднаквост меѓу луѓето, недискриминација, рамноправност) и солидарност (социјална сигурност, право на работа, заштита, образование и итн.)[55]

Во најширока смисла човековата безбедност се однесува на препознавање, анализирање и решавање на сите закани и ризици со кои се соочуваат луѓето. Заканите и ризиците кои се среќаваат се несакани, намерни или ненамерни настани кои може да предизвикаат повреда на одреден субјект. Заканата најчесто ја користи ранливоста на конкретниот субјект.[56]

Ленард Сјоберг, заканата ја дефинира како опасност за која постои висока веројатност дека ќе се случи и ќе предизвика последици.[57]

Човековата безбедност се фокусира на закани кои можат да се појават во различен облик и форма и кои го погодуваат човекот на различен начин, каде човековиот живот и благосостојба се загрозени од закани кои не се проследени со насилство. Насилството е сложен поим кој се поврзува со институции, културни карактеристики и поведенија кои го ограничуваат развојот на човечкиот потенцијал и ги насочуваат луѓето да ги контролираат своите тела, своите поведенија во општествена средина во која дејствуваат.[58]

Луѓето најчесто се засегнати од директното насилство[59] кое ја загрозува нивната физичката безбедност и физичкиот опстанок.

[55]Ванковска, Билјана. *Политички систем*. Скопје: Бомат, 2007: стр. 292
[56]Георгиева, Лидија. *Менаџирање на ризици*. Скопје: Филозофски факултет, 2006: стр.79
[57]Ibid., стр.80
[58]Шкариќ – Мурџева, Олга.*Ненасилна трансформација на конфликти во Теории за мирот и конфликтите-читанка*. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први", УКИМ, 2007: стр.9
[59]Георгиева, Лидија. *Творење на мирот*. Скопје:Филозофски факултет, 2007: стр.107

Меѓутоа структурното насилство[60] е суптилно, прикриено, односно институционално насилство без видливи знаци на опасност по физичкиот опстанок на луѓето. Иако е тивко сепак има потенција да му нанесе штета на човековиот живот, исто како и директното насилство, ако не и повеќе.

Невработеноста, сиромаштијата, немањето социјална и јавна здравствена заштита, корумпираноста на општеството може да предизвика бран на насилство. [61]

Јохан Галтунг прави разлика помеѓу структурното[62] или индиректно насилство и директното[63] или лично насилство. Според него, насилството не е само проста наменска употреба на сила против еден од нив или повеќе од нив другите, со цел да се нанесе повреда или смрт. Тоа не е нужно ориентирано спрема цел и со намера да постигне одредени посебни или општи цели. Насилството[64] всушност е разлика помеѓу потенцијалното и актуелното во човековиот живот. Според Галтунг насилството е присутно кога човечките суштества се под одредено влијание така што нивните фактички сфаќања се под нивото на нивните потенцијални сфаќања и разбирања. Галтунг прави разлика помеѓу директно насилство и структурално или индиректно насилство. Кај овие два вида на насилство има разлика помеѓу потенцијалното и фактичкото.

Има насилство кај кое постои причинител кој го предизвикува истото, како директно насилство и насилство кај кое не постои причинител кој го прави структурално или индиректно. Во двата случаи загрозен е физичкиот опстанок на поединците, каде можат да бидат убиени, да бидат повредени, манипулирани, исплашени сл. Меѓутоа додека во првиот случај последиците можат да идентификуваат конкретна личност како причинител, во вториот случај не може да се препознае конкретниот причинител на насилството.

Насилството вградено, односно интегрирано во структура на општеството се манифестира како нееднаква моќ и како нееднакви можности на поединците. Насилната структура може да им наштети на сите или на некои луѓе во таа смисла што им ги негира основните, базични човекови потреби, опстанокот, егзистенцијата,

[60]Георгиева, Лидија. *Творење на мирот*. Скопје:Филозофски факултет, 2007: стр.111

[61]Шкариќ – Мурџева, Олга.*Ненасилна трансформација на конфликти во Теории за мирот и конфликтите-читанка.* Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први", УКИМ, 2007: стр.26

[62] Simic, Dragan. *Pozitivan mir: shvatanja Johana Galtunga.*Beograd: Akademija Nova, Arhiv Kljakic1993: стр.64

[63]Георгиева, Лидија. *Творење на мирот*. Скопје:Филозофски факултет, 2007: стр.26

[64] Simic, Dragan. *Pozitivan mir: shvatanja Johana Galtunga.*Beograd: Akademija Nova, Arhiv Kljakic1993: стр.72

потребата за благосостојба, потребата за слобода, потребата за еднаквост, потребата за сигурност и безбедност, потребата за самоопределување и независност.[65]

Структурното насилство се заснова врз структури кои генерираат вештачки финансиски кризи, корупција, социјална неправда, кршење на уставно загарантираните човекови слободи и права, насилства и криминал.

Директното насилство претставува насилна смрт на жртвите на криминал, убивање на жени и деца, сексуален напад, тероризам, геноцид, жртви на војната, ропство и трговија на жени и деца, физичко малтретирање на жени и деца, киднапирање, закани кон малцинствата, уривање на медиуми и на политички институции, распространувањето на оружја за масовно уништување и сл. Индиректното насилство може да биде третирано како недостаток на храна, вода, здравствена заштита, образование, болести, природни катастрофи, катастрофи предизвикани од човечки фактор, ниско ниво на БДП, невработеност, нееднаквост, деградација на животната средина и сл.

Галтунг го препознава индивидуалното насилство како лошо, а групното - во име на расата, класата, нацијата, државата, полот, генерацијата како нешто добро, ова објаснува дека насилството полека станува сè поприфатливо, бидејќи луѓето се воспитувани некритички да прифаќаат одредени видови насилство како добри, правилни и во некоја мера, оправдани.[66]

Заканите кои се појавуваат под влијание на глобализацијата посебно ја дефинираат економската безбедност. Оваа безбедност е во сферата на приходите, благосостојбата на луѓето, вработувањето и се повеќе ги надминува националните и локалните граници. Имено, речиси за сите закани кои се појавија во периодот по падот на Берлинскиот ѕид, реална е веројатноста на нивно прелевање преку националните граници. Оттука може да се идентификува причината за меѓународна инволвираност во превенција и менаџирање со закани.

Болестите, загадувањата на животната средина, трговијата со луѓе и наркотични средства, етничките конфликти, тероризмот, се закани чие дејство не е ограничено во просторот кои не преставуваат само изолирани случаи ексклузивни само за одредени држави и региони и со последици кои се спречени од внатрешните

---

[65]Шкариќ – Мурџева, Олга.*Ненасилна трансформација на конфликти во Теории за мирот и конфликтите-читанка.* Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први", УКИМ, 2007: стр.140
[66]Галтунг, Јохан. *Трансформација на конфликти со мировни средства (трансценд метод).* Скопје:Балкански центар за мир, 2000; стр. 86-87

бариери на националните граници. Напротив нивните последици со огромна брзина се шират насекаде низ светот. Поради тоа секоја човечка несреќа без разлика каде таа се случува преставува закана за човековата безбедност на глобално ниво.

Заканите кои претходно се спомнати и раното соочување и превенирањето со нив од секој аспект е најдоброто решение, кога станува збор за економска безбедност, политичка безбедност и безбедноста на заедницата.

Човековата безбедност не се однесува на оружје, таа се однесува на човечкиот живот и достоинството, се однесува на тоа како луѓето живеат и дишат во општеството, колку слободно го користат правото на избор, колкав пристап имаат до пазарот и до општествените можности и дали живеат во конфликт или во мир.

Во центарот на интерес на концептот за човековата безбедност е човекот, односно поединецот како единка. Негова грижа е општествениот живот на луѓето, односно како тие ги искористуваат можностите кои им се на располагање и дали тие живеат во мир или во конфликт. Концептот на човековата безбедност е гаранција дека општеството на поединците ќе им осигури еднакви услови за вработување од кое понатаму тие ќе добиваат приходи потребни за животна егзистенција, ќе им обезбеди услови во кои луѓето секогаш ќе имаат доволно храна, здравствена сигурност, лична сигурност и ќе одговори и на други предизвици кои го засегаат поединецот и чие решавање е од егзистенцијална важност за луѓето без разлика во кој дел од светот тие живеат.

Човековата безбедност многу полесно е да се оствари со рана превенција отколку со задоцнета интервенција. Истовремено пресретнувањето на заканите кои претходно беа спомнати и раното соочување со нив од секој можен аспект е многу поевтин начин од решавањето на веќе настаната ситуација и последиците кои таа ги оставила. Ова посебно е изразено кога станува збор за економска безбедност, политичка безбедност и безбедноста на заедницата. Треба да споменеме дека многу порано може да излезе од контрола отколку што се предвидувало и каде ќе нема можност за преземање на благовремени превентивни мерки, а и доколку таквите мерки се преземат, поради ново настанатите услови тие нема да можат да го произведат саканиот ефект. Сепак, превентивното делување преставува најдобра гаранција за човековата безбедност, но таа мора да биде навремено преземена.

Мирот сфатен како повеќе степен процес, поставен помеѓу две крајности, негативен мир, кој претставува состојба во која нема употреба на директно физичко

насилство и позитивен мир кој претставува состојба во која се остварува интеграција, развој и меѓународна соработка на сите нивоа и во која употребата на насилство е исклучена.[67] Според својата суштина човековата безбедност се совпаѓа со она што во теоријата на мирот се нарекува позитивен мир. Ваквата перцепција значи позиционирање на човекот во општеството на благосостојба, праведни структури и институции, услови за развој на личноста, ослободена од страв и незнаење.[68]

Силата на можностите и перспективите на човековата безбедност лежи во постојаното фокусирање врз заканите како што се терористичките, криминалните, природните, технолошките, економските и политичките закани.

## 2.3 Социо - економски закани за човековата безбедност

Социоекономската компонента на човековата безбедност се провлекува во трите димензии на анализа на концептот. Од една страна економските права се дел од сетот на човекови права кои имаат меѓународна и национална заштита и промоција, а од друга страна можноста за нивно остварување е неопходна претпоставка за минимум пристоен живот и благосостојба на поединецот.

При дефинирање на човековата безбедност како константи се зимаат човековиот развој и човековата благосостојба, согледани низ призмата на економската, политичката и социјалната безбедност, која е насочена кон луѓето, односно поединецот. Нејзин интерес и грижа е општествениот живот на луѓето, односно како тие ги искористуваат можностите кои им се на располагање и дали тие живеат во мир или во конфликт.

Додека економско - социјалната нееднаквост, историското минато, политичката обесправеност, економската инфериорност и социјалната потчинетост може да ги анализираме како варијабли кои влијаат врз концептот и ја поттикнуваат нетрпеливоста и предизвикуваат неминовен судир.

---

[67]Георгиева, Лидија. *Творење на мирот*. Скопје:Филозофски факултет, 2007: стр.108

[68] Митревска, Марина. *Современа македонска одбрана, хумана безбедност:идеја за безбедност на поединецот во општеството*. Скопје: Министерство за одбрана на Република Македонија, 2007: стр.41-51

Нееднаквата општествена положба се изразува во следниве подрачја на животот:

- ограничување на правата на слободите[69]
- ограничување на слободно здружување
- политичка нерамноправност
- нееднаква законска заштита
- исклучување од државните служби
- нееднакви услови за професионално напредување
- економска и општествена несигурност и сл.

Нееднаквоста и раширувањето на јазот во разликите носат издвојување и оддалечување и отворени судири. Со губењето на своите права доаѓа и до губење на сопствениот идентитет.[70]

Правото на образование[71] е значаен сегмент за постигнување на повисок животен стандард, општествена мобилност, комуникациска отвореност, почитување на правниот поредок и институциите на системот, дијалогот како средство за постигнување на политички цели. Разликите во образованието ги редуцираат можностите за подобро разбирање, респектирање и егзистирање по етничка, религиозна и политичка основа. Образованието ја воспоставува и зајакнува врската помеѓу единката и општеството, ги втемелува нормите и вредностите и го проникнува чувството на поврзаност со општеството. Општествената мобилност ги изразува промените во социјалната положба на припадниците на општествената заедница, каде настануваат и промени во нивниот социјален статус.

---

[69] Ванковска, Билјана. *Политички систем*. Скопје: Бомат, 2007: стр.293

[70] Шкариќ – Мурџева, Олга. *Ненасилна трансформација на конфликти во Теории за мирот и конфликтите-читанка.* Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први", УКИМ, 2007: стр.126

[71] Ванковска, Билјана. *Политички систем*. Скопје: Бомат, 2007: стр.303

### 2.3.1 Индикатори за социо - економски развој кои влијаат на човековата безбедност

Релацијата помеѓу човековата безбедност и човечкиот развој е комплексна и преставува процес на проширување на спектарот на човечките можности. Нивниот однос е дека не може да се постигне развој доколку не се овозможи основно ниво на безбедност и обратно, дека развојот е предуслов за безбедност.

Оттука легитимно, се наметнуваат следните прашања: дали сиромаштијата може да генерира насилство во општеството; дали урбанизацијата или несоодветната здравствена заштита можат да генерираат конфликти; кои проблеми поврзани со идентитетот и опстанокот на заедниците можат да генерираат цивилно насилство, не можат да се третираат како споредни и неважни. Човековата безбедност може да се разбере и како збир на политики со кои треба да се заштитат ранливите заедници од проблеми кои ги преминуваат границите, а со кои владите не можат да се справат самостојно. [72]

Човековиот развој е дефиниран како процес на проширување на човековиот избор во поглед на можностите, човекот да води долг и здрав живот, да биде добро образован и да има пристоен животен стандард.[73]

УНДП ги опфаќа човековите права како суштински дел од развојот и развојот како средство за реализирање на човековите права.[74] Концептот на УНДП промовиран во 1990 година, како концепт на човеков развој дефиниран како процес на зголемување на можностите, а притоа најважни можности се:

- да се води долг и здрав живот,
- да се биде образован и
- да се има пристоен стандард на живеење

[72] Георгиева, Лидија. *Партнери во мир и превенција Регионална стабилност преку човекова безбедност*. Скопје: Фондација Фридрих Еберт Канцеларија, 2008: стр.113-114

[73] Ефтимоски,Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009: стр.272

[74] Poverty caused in part by discrimination, exclusion, lack of accountability and abuse of power, UNDP director tells the Social Forum of the Human Rights Council, http://www.undp.org/content/undp/en/home/presscenter/pressreleases/2011/10/04/poverty-caused-in-part-by-discrimination-exclusion-lack-of-accountability-and-abuse-of-power-undp-director-tells-the-social-forum-of-the-human-rights-council.html

Најчесто поставуваното прашање се однесува кои мерки треба да се преземаат за да се постигне економски развој.[75] Иако дел од овие можности може да се субјективизираат и да варираат во зависност од менталитетот, очекувањата и навиките, сепак во сржта на концептот е еднаквоста на луѓето. Никој не треба да биде осуден на краток или мизерен живот затоа што се нашол во погрешна класа, етничка група или раса. Сепак, останува уште многу да се направи во проширувањето на изборите и подобрувањето на благосостојбата за сите луѓе во сите земји и заедници, како и за идните генерации кои допрва доаѓаат.[76]

Знаењето и вештините на индивидуите допринесуваат за зголемена продуктивност[77] на производниот капацитет на економијата и влијаат врз растот на животниот стандард на населението.

Животниот стандард се однесува на добрата и услугите кои се достапни на луѓето и начинот на нивното дистрибуирање. Тој се мери преку реалниот доход (БДП) per capita, доходовната сиромаштија и економската нееднаквост. Реалниот БДП per capita го мери просечниот животен стандард на луѓето и ги покажува финалните добра и услуги кои секој поединец би можел да ги купи во текот на една година, со претпоставка дека има еднаква дистрибуција на доходот.

Концептот за човековиот развој е поврзан со квалитетот на животот на луѓето и е промовиран од Програмата за развој на Обединетите Нации од 1990 година. Човековиот развој овозможува човекот да води долг и здрав живот, да е образован и да има пристоен животен стандард. Концептот за Човековиот развој може да се дефинира и како развој на луѓето, односно во инвестирање во формално образование, здравствена заштита, со цел за зголемување на способноста на поединецот. Тој се дефинира и како развој за луѓето, покажува дали и колку доходот е еднакво дистрибуиран помеѓу луѓето. Нееднаквоста во дистрибуцијата дава нееднаквост во квалитетот на животот на луѓето. Развојот на луѓето е дел од концептот за човеков развој кој дава можност да се учествува во креирање на сопствениот развој. Акцент се става на креирање на работни места.

---

[75]Гоцевски, Трајан. *Економскиот развој и мирот*. Скопје:Филозофски факултет, 2011: стр.31
[76]Хелен Кларк - администратор, Програма за развој на ОН
[77]Ефтимоски,Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009: стр.140

Државата мора да им обезбеди на граѓаните пристап до основните потреби за човечкиот развој, иновациите во социјалната политика се однесуваат на обезбедување на еднаквост на граѓаните, посебно во земји кои се мултиетнички, мултиверски, за да се намали општествениот конфликт, да обезбеди недискриминација, да овозможи сиромашните луѓе да учествуваат во растот. Со цел да го олесни следењето на развојот, УНДП го создава најшироко употребуваниот инструмент за мерење на човековиот развој – индексот на човековиот развој (Human development index, HDI), според кој државите редовно се рангираат.

Индексот претставува индикатор на просечните достигнувања на полето на основните човекови можности поконкретно да води долг и здрав живот, да се образува и да има пристоен животен стандард. Индексот на човековиот развој е стандардно мерило за квалитетот на животот на луѓето меѓу земјите.[78]

Во 1990 - та година индексот за човековиот развој бил пресметан за првпат од експерти на Програмата за развој при ОН при што се земат три компоненти и тоа: должина на животот (очекувано траење на животот), достигнато образовани (стапка на писменост на возрасните) и животниот стандард (логаритам на реалниот БДП пер капита).[79]

Вредностите на индексот на човеков развој се делат во три категории:[80]

- висок HDI од 0.800-1.00 (каде се наоѓаат земјите како Норвешка, Шведска, Австралија, Данска итн.)
- среден HDI од 0.500-0.799 (каде се наоѓаат земјите: Белорусија, Македонија, Руската Федерација, Оман, Србија итн.)
- низок HDI под 0.500 (каде се наоѓаат земјите: Кенија, Нигерија, Јемен, Того, Хаити итн.)

[78]Ефтимоски,Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009: стр.288
[79]Ibid., стр.291
[80]UNDP: *Human Development Report*. New York, 2015

Според погоре изнесените податоци индексот на човеков развој е најнеповолен во земјите од Африка и Латинска Америка. Животниот век во земјите со низок човеков развој е двапати понизок од земјите со висок човеков развој. Во однос на образовното ниво кое е значајно за социо - економски развој, земјите со висок човеков развој имаат скоро четири пати повисока покриеност во образованието во однос на неразвиените земји. Во Милениумските цели за развој образованието е во првите 10 приоритети, но сепак во пракса нема динамична реализација. Остварувањето на приходите во земјите со висок човеков развој е 70 пати повисоко од земјите со низок човеков развој.

Меѓународната поддршка е неминовна за земјите со низок човеков развој, бидејќи без неа нема да може да оствари социо - економски развој. Поддршката и помошта треба да обезбедат светски мир, како предуслов за развој на општиот развој на човештвото. Економскиот развој има смисла само ако има и социјален развој, бидејќи меѓусебно се условени. Просперитетот земјите го добиваат доколку има достоинство за сите граѓани во една земја, без разлика на социјалниот статус, полот, националноста, потеклото, бојата на кожата и сл., односно да се обезбеди да живеат и работат во услови достоинствени за 21 век.

Оттука можеме да констатираме дека човековиот развој е мерлива категорија, каде поимот квалитет на живот е составен од мерлива компонента, од животен стандард (кој претставува материјална компонента на квалитетот на живот) и немерлива компонента, тука спаѓаат среќата, слободата во изборот, здравјето, животната средина, безбедноста, образованието и општествениот живот (кои се немерливи).[81]

[81]Ефтимоски,Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009: стр.270

## 3. Предизвици за човековата безбедност во Република Македонија

Значењето на чувството на безбедност и среќа е кога луѓето имаат доволно храна, кога може слободно да живеат со фамилиите и пријателите, кога имаат можност слободно да ја изразуваат својата вера, кога можат слободно да се движат навечер без притоа да биде загрозен нивниот живот, кога можат да се образуваат, или кога живеат во стабилна политичка и економска заедница.

Концептот за човековата безбедност овозможува еднакви услови за вработување, каде ќе се добиваат приходи потребни за животна егзистенција, обезбедува услови во кои луѓето секогаш ќе имаат доволно храна односно прехранбено ќе се обезбедат, обезбедува здравствена сигурност, лична сигурност и ќе одговори и на други предизвици со кои се соочува поединецот и чие решавање е од егзистенцијална важност за луѓето без разлика во кој дел од светот живеат.

Распаѓањето на државите (слаби држави)[82] е како резултат на лошото владеење, корупцијата, злоупотребата на сила, неефикасните и слаби институции и регионалната нестабилност. Пропаѓањето на една држава е загрижувачка појава, која го нарушува стабилното управување и придонесува за регионалната нестабилност.

Индикатори на државната нестабилност се[83]: социјални индикатори (преселување на бегалци и внатрешно раселени лица, групна параноја, постојано иселување на населението); економски индикатори (нееднаков економски развој, економски пад); политички индикатори (криминализација на државата, влошување на јавните служби, одбегнување на владеење на правото, повредување на човековите права и сл.).

Постконфликтните држави носат постојан ризик од повторување на конфликтот. Во трудовите на некои теоретичари се анализираат т.н. „конфликтни замки" во постконфликтните држави. Според нив, во првите 5 години по потпишување на примирјето ризикот за отпочнување на повторен конфликт изнесува 44%, за разлика од ризикот од 25% кој истата држава го имала пред настанување на конфликтот. Барем половина од факторите - причини за војната биле присутни и пред конфликтот, но останатата половина се „последиците од војната". Тука спаѓаат доминантната улога на

[82] Ванковска, Билјана. *Политички систем.* Скопје: Бомат, 2007: стр. 30
[83]http://www.fundforpeace.org/programs/fsi/fsindicators.php

војската; ерозијата на општествениот капитал како резултат на недоверба; омразата и насилството; влијанието на насилниците кои сега имаат безброј можности да ја искористат конфликтната ситуација за личен профит; борбата за капиталот и стравот на странските инвеститори да вложуваат во постконфликтните држави. Ризикот од повторување на конфликтот се намалува дури откако ќе помине една деценија, а и повеќе.[84]

Една работа е јасна: иако има намалување на бројот на вооружени конфликти, голем број од земјите во развој се карактеризираат со високо ниво на нестабилност.

Постранзициските и постконфликтните земји кои се со оскудни ресурси се подложни на воени и политички влијанија, но исто така и на социо - економски шокови. Затоа меѓународната политика за помош на слабите држави треба да содржи соодветен механизам за ублажување на шоковите во меѓународните стокови и финансиски пазари. Со градењето на стабилни држави ќе се создадат и услови за унапредување на концептот за човековата безбедност. Тоа подразбира трансформација на социјалната, политичката и економската средина во полза на мирот, развојот и благосостојбата.

Имајќи ги предвид претходно наведените факти, а од друга страна поаѓајќи од тоа дека Република Македонија без никакви дилеми се уште спаѓа во групата на (пост) транзициски и (пост) конфликтни држави од исклучително значење е да се направи продлабочено научно истражување за предизвиците за човековата безбедност во Република Македонија низ призмата на социоекономската компонента.

Во овој контекст, успешноста на градењето на мирот во постконфликтните држави, зависи од група на инструменти што се применуваат, меѓу кои и од перспективите на човековата безбедност. Ако проширениот концепт на безбедноста се сфати како сет од мерки за зачувување и заштита на животот и достоинството на индивидуата во општеството, тогаш може да се анализира поширокатa или потесната дефиниција на овој концепт.

Човековата безбедност, дефинирана пошироко, вклучува неколку клучни елементи. Првиот суштински елемент се однесува на можноста сите граѓани да живеат во мир и безбедност во државата. Тоа претставува можност и капацитет државите и граѓаните да превенираат и да решаваат конфликти преку мирни и ненасилни средства.

[84]Paul Collier and et., Breaking the Conflict Trap: Civil War and Development Policy, The World Bank, Washington D.C., 2003

Вториот елемент е дека луѓето без дискриминација би требало да ги уживаат сите права и да ги исполнуваат обврските, вклучувајќи ги човековите, политичките, социјалните, економските и културните права. Третиот елемент има социјална содржина или еднаков пристап и инклузија во политичките, социјалните и други процеси кои ја прават целосна економската политика. Четвртиот елемент е воспоставување на владеење на законот и независно судство. Секоја индивидуа во општеството требало да ги има истите права и обврски и да биде предмет на исти правила.

## 3.1 Институционално препознавање на социоекономската компонента на човековата безбедност во Република Македонија

Предизвиците за вака дефинираниот концепт се многу поголеми за постранзициските и постконфликтни држави, како Република Македонија, бидејќи првенствено државата треба да создаде механизми и да обезбеди гаранција дека по ниту една основа физичкиот опстанок на луѓето нема да биде загрозен, а потоа да се изгради стратегија, на институционално ниво за развој и да даде заштита на основните човекови права.

Во процесот на прифаќањето на концептот како дел од националната политика, истиот треба да биде доволно познат и јасен, примарно за државните институции, а потоа да создаде и свест кај поединците за тоа дека почитувањето на фундаменталните човекови права, социјалната правда и еднаквоста[85] се дел од нивната лична безбедност и треба да инсистираат ни нивно бескомпромисно почитување и заштита од страна на државните институции, но и почитување од страна на другите поединци.

Човекови права се потпираат на слобода (слобода на мисла, вероисповед, слобода на говор и изразување), еднаквост (еднаквост меѓу луѓето, не дискриминација, рамноправност) и солидарност (социјална сигурност, право на работа, заштита, образование и итн.). Во средината на XX - тиот век за прв пат се појавуваат правата на сите луѓе во човештвото и вредноста нивна е солидарноста.[86]

[85]Митревска, Марина. *Хумана безбедност*. Скопје: Филозофски факултет, 2012: стр.59
[86]Ванковска, Билјана. *Политички систем*. Скопје: Бомат, 2007: стр. 292

Правната рамка во Република Македонија која се однесува на декларирање и заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот е утврдена во Уставот на Република Македонија, и тоа како негова темелна вредност[87]. Слободите и правата на човекот и граѓанинот, како и нивните гаранции детално се прецизирани во поглавјата од Уставот, каде што се поделени по природата на правата што се гарантираат.

Од аспект на социоекономската компонента на човековата безбедност, на економските и социјални права, на начинот на нивна заштита, како и на основите на економските односи во Уставот се посветени посебни поглавја. Оттука, може да се констатира дека формално улогата на државата да пружи заштита на поединците и да обезбеди услови за развој е исполнета.

Поради ова за да може да се оствари успех и да се спречат овие закани, борбата и справувањето со нив треба да бидат сеопфатни, да се одвиваат низ ефективно глобално управување, подобрување и унапредување на пристапот кон глобалните јавни добра.

Во Република Македонија, слично на другите земји во транзиција, воведувањето на пазарната економија предизвика големо имотно раслојување на населението. Денес имаме состојба на една помала група богати луѓе, а истовремено поголем дел од населението живее во услови на сиромаштија или на работ на сиромаштијата. При анализата на човековата безбедност низ призмата на социоекономската компонента во Република Македонија треба посебно внимание да се посвети на ослободеност од страв и благосостојбата како фундаментални вредности на концептот. Закани кои произлегуваат од новото безбедносно опкружување е длабокиот јаз помеѓу оние што имаат и оние што немаат, помеѓу сиромашните и богатите, јаз кој најдобро се отсликува во пристапот и правата врз глобалните јавни добра.

[87]Чл. 8 од Уставот на Република Македонија, Сл. весник на Р.Македонија бр. 52/92

## 3.2 Човековиот развој во Република Македонија

Во само две децении Република Македонија постигна значаен напредок во социјалните и економски реформи и се етаблира на 81 место од 188 земји во Извештајот за човековиот развој за 2015 година, на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и е сместена во категоријата на земји со висок индекс на човеков развој. Да се одржи континуиран економски раст, социјална кохезија и одржлив развој потребни се дополнителни напори во голем број на области.

Социјалната димензија на економскиот раст[88] се препознава во обезбедувањето економски ресурси што ќе овозможат намалување на сиромаштијата, инвестирање во квалитетно образование и здравствена заштита.

Во областа на економскиот живот партиципацијата[89] значи можност за непречено ангажирање во сите делови на економијата, поголеми изгледи за вработување, поголем доход и подобар животен стандард.[90] По правило, луѓето се заинтересирани за подобрување на условите за живеење и работење и бараат да им се обезбеди полесен пристап во економијата. Отворениот и достапен пазар претставува начин за учество на производителите, потрошувачите, претприемачите и другите кои сакаат да земат учество во економскиот живот и можностите што ги нуди за подобар живот. Од особено значење, пак, е отвореноста на пазарот на труд бидејќи преку вработувањето најголемиот дел од населението обезбедува доход и егзистенција.

Најголема група од населението која е исклучена од можностите да учествува во економијата се најсиромашните. Старите лица, исто така, се група на која сиромаштијата и оневозможува рамноправно да учествува во повеќе облици на економскиот живот. Жените претставуваат околу половина од возрасното население која во голем дел е исклучена од партиципацијата. Можностите за партиципација во економскиот живот се различни за мнозинските и за малцинските групи. Лица кои живеат во руралните места, по правило, имаат ограничено учество во општествено-економскиот живот. Хендикепираните лица се група која, исто така, има ограничен

[88] Ефтимоски,Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи. 2009: стр.279
[89] Ibid., стр.282
[90] Ibid., стр.271

пристап до многу области од општествено - економскиот живот.[91] Ваквата состојба во голема мера ги намалува можностите за поинтензивен економски развој.

### 3.2.1 Човековиот развој - средство за економски раст и развој во Република Македонија

Социоекономскиот развој ги отсликува економската и социјалната димензија на одржливиот развој. Економскиот раст[92] прикажан со основниот индикатор бруто - домашниот производ (БДП) по глава на жител - го означува нивото на развој на севкупната економија и на животниот стандард во македонското општеството. Доволно висока стапка на БДП значи дека општеството создава дополнителни економски ресурси кои освен што ќе ги задоволат тековните економски потреби, ќе овозможат инвестирање во иднината, како и решавање на социјалните и еколошките проблеми. Дисперзијата на регионалниот БДП по глава на жител ја надополнува сликата од причина што ги мери регионалните диспаритети. Растот на реалниот БДП не секогаш е проследен со раст на вработеноста - познат како jobless growth.[93] Човековиот развој овозможува луѓето да водат долг и здрав живот, да се добро образовани, да имаат пристоен животен стандард каде со зголемување на знаењата и продуктивноста се овозможува економски раст. Има земји кои имаат високо ниво на човеков развој, но скромно ниво на доходот per capita и земји со ниско ниво на човеков развој, но високо ниво на доходот per capita. Односно, има земји кои имаат приближно ист индекс на човеков развој, а различно ниво на доход per capita ( како во табела бр. 1)

[91]Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020
[92]Гоцевски, Трајан. *Економскиот развој и мирот.* Скопје:Филозофски факултет, 2011: стр.21
[93]Ефтимоски,Димитар. *Економски раст.* Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009: стр.273

Табела 1. Различно ниво на реален БДП per capita со приближно ист индекс на човеков развој HDI

| Земја | HDI | БДП per capita (PPP$) |
|---|---|---|
| Полска | 0.843 | 12.920 |
| Бахреин | 0.824 | 25.633 |
| Чиле | 0.832 | 13.910 |
| Обединети Арапски Емирати | 0.835 | 37.962 |

*Извор: Human Development Report (2015), UNDP

Економскиот раст ги поттикнува богатите слоеви кон иновации и резултира со зголемен раст на вработеноста, каде најпрвин се доаѓа до зголемување на нееднаквоста во дистрибуција на доходот. Растот на доходот е неопходен, но не и доволен услов за концептот на човеков развој.[94] Корисен економски раст е растот кој генерира поголема вработеност, сигурност на луѓето, еднаквост во дистрибуцијата на доходот, го поддржува развојот на демократското општество, придонесува за одржлив развој и обезбедува вклучување на луѓето во економските процеси. Современите економии се соочуваат со еден макроекономски феномен, наречен jobless growth или jobless recovery[95] каде стапката на раст на вработеност не ја следи стапката на раст на доходот, односно се забележува растот во макроекономијата во услови на исто или намалено ниво на вработеност. Но, иако макроекономски резултатот е позитивен, сепак ваквата состојба негативно се одразува врз квалитетот на животот на луѓето, што од аспект на концептот за човеков развој е непожелна состојба во општеството.

Човековиот развој не е можен ако човековата сигурност е нестабилна односно ако се нема економска сигурност, здравствена, сигурност за храна, сигурност на животна средина, политичка сигурност и лична сигурност. Економскиот раст е причина богатите да стануваат побогати, сиромашните посиромашни и овој концепт е познат како ruthless growth. [96]

Сигурноста на поединецот претставува индикатор за неговата економска сигурност, за заштита на луѓето од секој вид на насилство и капацитет за создавање на благопријатни услови за живот.

[94]Ефтимоски,Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009: стр.276
[95]Терминот за прв пат е создаден од страна на економистот Nick Perna во почетокот на 1990 те. Повеќе на http://www.investopedia.com/articles/economics/10/jobless-recovery-the-new-normal.asp (пристапено на 13.01.2016).
[96]Ефтимоски,Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009: стр.281

По осамостојувањето Република Македонија наследи неповолна економска ситуација, надворешен долг поголем од една милијарда долари и внатрешен долг произлезен од неможноста на банките да ги сервисираат обврските спрема граѓаните. Економските проблеми се комплицираат со ембаргото од соседна Грција поради спорот со името и тоа резултираше со високи негативни стапки на движење на БДП. Македонската економија забележува позитивни, но ниски нестабилни стапки на раст на БДП и поради погоре наведеното таа станува шверцерска транзит зона за корупција, криминал и тероризам.[97]

Економскиот развој[98] е определен од големината на вкупните инвестиции по структура и по намена. Инвестициите директно влијаат врз зголемувањето на конкурентноста и вработеноста, што придонесува за создавање на БДП. Од друга страна, инвестициите во образованието, доживотното учење и во истражувањето и развојот, претставуваат инвестиции во човечкиот капитал од кои се очекува да ја зголемат продуктивноста на трудот.

Социјалната димензија на економскиот раст се препознава во обезбедувањето економски ресурси што ќе овозможат намалување на сиромаштијата, инвестирање во квалитетно образование и здравствена заштита, односно што придонесуваат за одржливост на јавниот финансиски систем. Во услови на стареење на општеството, исклучувањето на постарите вработени лица од пазарот на трудот ќе го оптовари пензискиот систем правејќи го неодржлив. БДП не е мерило за квалитетот на животот на луѓето туку ја мери вкупната пазарна вредност и сите произведени финални добра и услуги за период од една година, односно е мерило на вредноста на економската активност во земјата. БДП не ја мери нелегалната економска активност (сивата и црната економија).

---

[97] Николовска, Наталија. Силјановска-Давкова, Гордана. *Македонската транзиција во дефект*. Скопје: Магор, 2001: стр.34

[98] Гоцевски, Трајан. *Економскиот развој и мирот*. Скопје:Филозофски факултет, 2011: стр.22

Табела 2. Стапка на пораст на реалниот БДП, по жител за период од 2012-2015 година

| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | -0.5 | 2.9 | 3.6 | 3.8 |
| ЕУ 28 | -0.7 | -0.0 | 1.1 | 1.7 |

*Извор: Државен завод за статистика (2016), Евростат

Бруто - домашниот производ, како мерка за економската активност е дефиниран како разлика помеѓу вредноста на произведените стоки и услуги и употребените производи и услуги за нивно создавање. Индикаторот овозможува споредба на економскиот развој во рамките на определен временски период, како и помеѓу економиите со различни големини. БДП под влијание на светската криза во 2009 - та година беше намален, но од дадената табела забележуваме континуиран пораст на бруто - домашниот производ по жител, кој во изминатиот период го бележеше Република Македонија, односно имаше прекин во 2012 година, но продолжува во 2014 година со пораст од 3.6% и во 2015 година изнесува 3.8%. Континуираниот пораст е поради финансиската и макроекономската стабилност, каде се бележи долгорочен одржлив економски раст на земјата. Во споредба со ЕУ 28 економскиот раст и економската активност е умерена, но се бележи пораст од 2012 година заклучно со 2015 година каде изнесува 1.7 %.[99]

Според извештаите од 2012 - та година секој трет жител има пријавено дека е жртва на насилен криминал. УНДП во извештајот за човековиот развој[100] за период од 2013 - 2014 година нуди препораки за подобрување на јавните политики на безбедност на граѓаните, искоренување на сиромаштијата, намалување на нееднаквоста и вклучување на граѓаните во општествениот живот. УНДП помагаат во изработка на стратешки планови со кој ќе се изградат основните вредности за населението во поглед на искоренување на проблемот со сигурноста, искоренување на сиромаштијата, намалување на нееднаквоста и вклучување на граѓаните во општествениот живот.

Индексот на човеков развој[101] не е алтернатива на БДП бидејќи мерат различни работи. Овој индекс е просечна мерка за основните достигнувања на човековиот развој во една земја, но како и сите просеци тој ја сокрива нееднаквоста во распределбата на

[99] http://ec.europa.eu/eurostat
[100] http://hdr.undp.org/sites/all/themes/hdr_theme/country-notes/MKD.pdf
[101] Ефтимоски,Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009: стр.290

човековиот развој низ популацијата на ниво на земја. Тој се пресметува врз основа на три компоненти: должина на живот, достигнато образование и животен стандард (реалниот БДП per capita). За прв пат е пресметан во 1990 година од страна на експертите на Програмата за развој при Обединетите Нации (UNDP).

Табела 3. Индекс на човеков развој за Република Македонија[102] за период од 2012-2014 година

| | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|
| Република Македонија | 0.730 | 0.732 | 0.747 |

Според Извештајот за човеков развој на УНДП од 2013 година [103] за Република Македонија индекс на човеков развој во 2012 година изнесува 0.730 и се наоѓа на 78 место на ранг листата. Според индексот за човеков развој Република Македонија. Додека во 2014 година се наоѓа на 81 место на оваа ранг листа.

Индексот на потенцијалниот човеков развој во 2010 година се корегира со индексот на актуелен човеков развој (IHDI). Индексот на актуелен човеков развој ги зема го предвид нееднаквостите во три димензии[104], преку намалување на индекс на човеков развој со просекот на вредноста на секоја димензија, врз основа на нејзиното ниво на нееднаквост. Загубата во потенцијалот на човечкиот развој заради нееднаквоста е даден како разлика помеѓу двата индекси на човеков развој потенцијалниот и актуелниот и се изразува во процент.

Кога од оваа вредност ќе се одземе нееднаквоста, HDI паѓа за 2014 година на 0.622, што значи загуба од 16.7% заради нееднаквост на распределбата на индексите на димензија.[105]

[102] http://countryeconomy.com/hdi/macedonia
[103] HDI values and rank changes in the 2013 Human Development Report -Macedonia, http://hdrstats.undp.org/images/explanations/MKD.pdf
[104] Ефтимоски,Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009: стр.291
[105] http://hdr.undp.org/en/composite/IHDI

### 3.2.2 Дефинирање на сиромаштијата

Сиромаштијата е еден од поголемите и покомплексни економски, социолошки и општествени проблеми. Иако при нејзиното дефинирање има разлика помеѓу, теоретичарите, како и помеѓу политичарите, сепак се согласуваат со фактот дека се работи за проблем за кој мора да се преземаат активни мерки и активности. Гордон Маршал сиромаштијата ја дефинира како состојба во која има недостаток на материјални, но и културни ресурси.[106] Според Пит Алкок сиромаштијата се манифестира како недостаток на приходи и производни ресурси, глад, нарушено здравје, ограниченост или непостоење на пристап до образование и други основни услуги, зголемена чувствителност и смртност од болести, бездомништво, небезбедна околина, социјална дискриминација и ексклузија.[107]

Една студија за концептите на сиромаштијата, ги опфаќа начините на кои луѓето говорат за сиромаштијата и како ја визуализираат, дискурсите на сиромаштијата, како што е артикулирана преку јазикот и сликите. Овие дискурси се конструирани во различни домени, политиката, академските кругови и медиумите. Секое од овие влијае врз начините на кои сиромаштијата се сфаќа во општеството. Обично поимањето е поддржано од помоќните групи, наместо од тие кои ја искусуваат сиромаштијата, се рефлектира во доминантните концептирања.[108]

Дефинициите на сиромаштијата, засновани на средствата за егзистенција, имаат значајна вредност при испитувањето на сиромаштијата во земјите од Третиот свет при што меѓународните стандарди покажуваат дека општото ниво на сиромаштија, мерено врз основа на средствата за живот, е многу високо, а некои студии покажуваат дека речиси половината население во земјите со ниски приходи живее во апсолутна сиромаштија.[109]

Во Република Македонија прифатена е дефиницијата на статистичката служба на Европската унија – Еуростат. Сиромашни се лицата, домаќинствата и групите лица, чии ресурси (материјални, културни и социјални) се на такво ниво кое ги исклучува од минимално прифатливиот начин на живеење во земјата во која живеат.[110]

---

[106]Маршал, Гордон. *Оксфордски речник по социологија*, МИ – АН, Скопје, 2004: стр.473
[107]Алкок, Пит. *Разбирање на сиромаштијата*, Магор, Скопје, 2008: стр.4
[108]Листер, Рут. *Сиромаштија*, Академски печат, Скопје, 2009: стр. 14.
[109]Маршал, Гордон. *Оксфордски речник по социологија*, МИ – АН, Скопје, 2004: стр.474
[110]Ефтимоски,Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009: стр.306

Сиромаштијата во Република Македонија се мери од страна на Државниот завод за статистика. Бидејќи поголемиот дел од доходите во Република Македонија не се пријавуваат во анкетите што ги прави Заводот, степенот на сиромаштија се мери преку податоците за потрошувачката.

Според Димитар Ефтимоски теоретскиот третман на проблемот на сиромаштија се сведува на четири концепти:

1. Концептот на доходовната сиромаштија - според овој концепт едно домаќинство е сиромашно доколку неговиот доход е под утврдена линија на сиромаштија. Линијата на сиромаштија е утврдена на ниво на доход со кој може да се обезбеди определено количество храна.
2. Концептот на основните потреби - ја дефинира сиромаштијата како недостаток на материјални добра и услуги кои се неопходни за задоволување на потребите на луѓето. Овој концепт ги зема предвид и потребите од здравствена заштита, образование и потребата за вработување.
3. Концептот на способностите - кај овој концепт сиромаштијата претставува недостаток на основни компоненти како што се физичката компонента - храната, облеката, живеалиштето и општествена компонента која ги вклучува луѓето во општествените текови.
4. Концептот за човековата сиромаштија - вклучува немањето можност на луѓето да го прошират изборот во поглед на образованието, животниот стандард и здравствената заштита.[111]

### 3.2.3 Видови линии на сиромаштија

Мерила за доходовната сиромаштија се[112]: главниот збирен индекс, индексот на длабочина на сиромаштија и индексот на острина на сиромаштија. Главниот збирен индекс или стапката на сиромаштија (poverty rate) го покажува процентот од вкупното население чиј доход или потрошувачка е под линијата на сиромаштија. Индексот на длабочина на сиромаштијата го мери дефицитот на сите сиромашни лица и нивниот недостаток во однос на линијата на сиромаштија. Индексот на острина на

---

[111]Ефтимоски.Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009: стр.306-307
[112]Ibid.,стр.312

сиромаштијата е мерило кое е поврзано со индексот на длабочина на сиромаштијата и дава поголема тежина на лицата кои се подалеку од линијата на сиромаштијата односно најсиромашните, отколку на лицата кои се поблиску до линијата на сиромаштијата помалку сиромашните.

Доходовната сиромаштија да се измери треба да се постави линијата на сиромаштија. Линијата на сиромаштија овозможува да се определи кои лица или домаќинства се сметаат за сиромашни кои не. Линиите на сиромаштија се искажуваат во per capita форма и се споредуваат со доходот или потрошувачката per capita. За да се определи линијата на сиромаштија во мерењето треба да се одлучи за возраста или полот на членовите на домаќинствата кои ќе бидат опфатени со мерењата, да се одлучи дали домаќинствата со различни големини ќе се третираат заедно или одделно и да се одлучи дали ќе се користат податоци за доходот или потрошувачката на лицата или домаќинствата. Прилагодувањето на домаќинствата во однос на полот, возраста и големината се врши со помош на еквивалентни скали.

Постојат три видови линии на сиромаштија и тоа апсолутна, релативна и субјективна линија на сиромаштија. Линијата на сиромаштија е дефинирана како ниво на животен стандард, што треба да се достигне за едно лице/домаќинство да не биде класифицирано како сиромашно.[113]

- Апсолутна линија на сиромаштија - се базира на стандарди за количество на добра и услуги кои едно лице/домаќинство може да го консумира, односно стандарди за неговиот опстанок, со минимални трошоци. [114]

- Релативна линија на сиромаштија - релативен стандард на опстојување определен како неопходно ниво на трошоци. Врз основа на утврдените нивоа на линијата на сиромаштија е пресметан процентот на лица чии трошоци се под нивото од 70% од медијалниот еквивалентен трошок[115]

[113]Ефтимоски,Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009: стр.308

[114]Ibid., стр.310

[115] Државниот завод за статистика за првпат ги пресметува и ги објавува меѓународно споредливите податоци за сиромаштијата за 2010 година. Тоа се таканаречените Лаекен индикатори за сиромаштија базирани на Анкетата за приходи и услови за живеење која е спроведена според препораките на Европската унија. Извор на пресметките на сиромаштијата се приходите, а прагот на сиромаштијата е дефиниран на 60% од медијалниот еквивалентенприход. Според податоците, во 2010 година, стапката на сиромашни лица во Република Македонија изнесуваше 27.3%.

- Субјективна линија на сиромаштија - е субјективен стандард на опстојување врз база на мислењата изразени од целата популација за нивото на приходите неопходни за да се одбегне сиромаштијата.[116]

Еквивалентна скала овозможува споредливост на домаќинствата кои се разликуваат според големината и демографскиот состав, тие се користат како еден вид дефлатор кој ги изедначува тие разлики.[117] Постојат повеќе видови еквивалентни скали кои се применуваат при пресметката на линијата на сиромаштија, но Државниот завод за статистика ја користи OECD (Организација за економска координација и развој) еквивалентната скала.

Индекси на сиромаштија се следните:

- **Вкупен збирен индекс** - процент на лица кои живеат под линијата на сиромаштијата.
- **Индекс на длабочината на сиромаштијата** - просечен пропорционален недостиг на расходи за целата популација (наместо на сите сиромашни лица).[118]

Правото на учество на пазарот на труд е мошне важно прашање за Република Македонија. Високата стапка на невработеност е показател дека на една голема група на луѓе им е оневозможено учеството во економијата. Внимание мора да се посвети и на тоа да се намали раслојувањето и да се обезбеди социјална интеграција преку заштитата на вработените лица. Денес во Република Македонија бројни се појавите на безмилосна експлоатација каква што постоеше за време на првобитната акумулација на капиталот во западноевропските земји. Еднаква плата за еднаква работа е еден од принципите што треба да се почитуваат, заедно со обезбедувањето на соодветна заштита.

Авторот Ристо Христов смета дека сиромаштијата систематски го подјадува општеството и мултиплицира проблеми во повеќе сфери:

- зголемени криминални активности;
- работа на црно - големи пари кои не влегуваат во буџетот;
- повеќе болни - поголеми социјални трансфери;

---

[116]Ефтимоски,Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009: стр.311
[117]Ibid., стр.310
[118] Ibid., стр.312

- помало образование - низок степен на човечки капитал;
- проституција, наркоманија, алкохолизам;
- зголемена стапка на насилство.[119]

Оттука може да констатираме дека најважен аспект против борбата на сиромаштијата е заедничкото делување, директно и индиректно, истовремено поддржано со економски раст и развој.

Во 2000 година, 189 членки на ОН (вклучително и Република Македонија) со Милениумските развојни цели[120] преземаа одговорност да обезбедат економски и социјален развој, човеково достоинство и еднаквост за рок од 15 години, со траење до 2015 година. Првата цел во овој документ е „Намалување на екстремните глад и сиромаштија", односно нивно преполовување на светско ниво. Ваква обврска имаат и сите членки, со соодветно проектирана конкретна бројка. Целта на Република Македонија е во 2015 година да ја намали сиромаштијата на 9.5% (тоа е половина на стапката на сиромаштија од 1997 година, кога за прв пат е измерена).

Слика 2: Проекции на стапката на сиромаштија до 2015 година (релативен метод, се мери како 70% од медијалните еквивалентни трошоци)




*Извор: Report on the progress towards the millennium development goals Republic of Macedonia - Skopje (2009), UNDP

[119]Христов, Ристо. *Политика на социјалниот развој*. Скопје: Економски факултет, 2008: стр.195-199
[120]The Millennium Development Goals, http://www.undp.org/content/undp/en/home/mdgoverview/

Според слика 2 се забележува алармантна ситуација во Република Македонија, наместо намалување на стапката на сиромаштија во Република Македонија има зголемување од 19% на 29.4%, а проекциите говорат дека до 2015 година стапката на сиромаштија ќе падне до 27%.[121] Оттука може да се констатира дека за намалувањето на сиромаштијата потребно е да се предвидат и имплементираат збир од долгорочни политики и мерки, соодветно планирани за секоја економија.

Една од можностите за надминување на актуелната ситуација со големата невработеност и високата стапка на сиромаштија Република Македонија треба да ја бара во една од политиките од Директоријатот за Вработување, социјални работи и инклузија (Directorates-General for Employment, Social Affairs & Inclusion) на Европската комисија  и прилагодување на нејзините препораки во македонски контекст. „Активната инклузија значи овозможување на секој граѓанин, особено на најзагрозените, целосно да учествуваат во општеството, вклучувајќи да имаат работа."[122]

Важно размислување за тоа како да се искорени/ублажи сиромаштијата е да се истражат факторите кои ја предизвикуваат истата. Кон неа може да придонесуваат повеќе фактори, меѓу кои недостаток на ресурси за производство (земја и/или капитал), многубројни семејства, ниско ниво на образование и недостаток на вештини, висока невработеност, слабо здравје и болести помеѓу членовите на семејството, зависности од дрога и алкохол, елементарна непогода (на пример поплави, суши, свлечиште), граѓански немири или терористички напади. Вродени хендикепи, како деформитети, слепило, исто така се фактор за сиромаштија. Сите овие фактори се во маѓепсан круг - недостатокот на образование и вештини ќе резултира со ниски приходи, слабо здравје/лоша исхрана и ќе влијаат на процесот на учење и постигнувањето на добри резултати.

[121]Report on the progress towards the millennium development goals Republic of Macedonia - Skopje, http://www.undp.org/content/dam/undp/library/MDG/english/MDG%20Country%20Reports/Former%20Yugoslav%20Republic%20of%20Macedonia/MDG%20Report%2009%20ENG.pdf
[122]http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=1059&langId=en

### 3.2.4 Дефинирање на нееднаквоста

Нееднаквоста е поширок концепт од сиромаштијата, нееднаквоста може да биде во приходите, во политичките слободи, во пристапот за здравствена заштита, образование, итн. Економската нееднаквост се однесува на целата популација, а не само на сиромашните луѓе, односно лицата, домаќинствата и групите лица кои се наоѓаат под определената линија на сиромаштија.[123] Нееднаквоста исто е и потесен концепт од благосостојбата. Таа се мери со позитивни и нормативни мерила.[124] Позитивните мерила користат статистички мерила на релативна варијација на доходот. Нормативните мерила ја мерат нееднаквоста во склад со определени нормативни сфаќања на општествената благосостојба, односно за даден доход, повисок степен на нееднаквост одговара на пониско ниво на општествена благосостојба.

Позитивните мерила за нееднаквоста е Џини коефициентот[125] кој се пресметува врз основа на Лоренцовата крива[126] и претставува солидно мерило за нееднаквоста кое дава најдобри резултати. Џини коефициентот е мерка на статистичката распределба кој најчесто се користи за мерење на нееднаквоста на распределбата на приходите или за мерење на нееднаквоста на распределбата на богатството. Вредноста на коефициентот е дефинирана во распон од 0 до 100, при што во теоријата коефициентот е еднаков на 0 кога постои совршена еднаквост на дистрибуцијата на приходите (на пример, каде што сите лица имаат ист приход), додека Џини коефициентот е еднаков на 1 (или 100%), кога постои максимална нееднаквост меѓу вредностите (на пример, кога само едно лице ги има сите приходи.

Во последната деценија проблемот на нееднаквост во приходите и благосостојбата се претстави како една од најголемите грешки на современите економски системи. Република Македонија како земја во развој е претставена со висок коефициент на нееднаквоста во текот на изминатите 15 години. Нееднаквоста во приходите е голем проблем за земјите во развој и треба да се смета како еден од главните приоритети за зголемување на економскиот развој.

---

[123]Овој коефициент името го добил по италијанскиот статистичар Корадо Џини, кој го осмилил и изложил во неговото дело „Разновидност и променливост“ (*Variabilità e mutabilità*) објавено во 1912 г. Повеќе за коефициентот во Ефтимоски,Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009: стр.324

[124]Ibid.,стр.327

[125]Ibid., стр.330

[126]Ефтимоски,Димитар. *Економија на развојот*. Скопје: Економски институт-Скопје, 2003: стр.319

Како една од причините за големиот јаз помеѓу богатите и сиромашните во Република Македонија, се смета дека е и рамниот данок.

Рамниот данок во Република Македонија се воведе во 2007 година со цел да се поедностави даночната пресметка и да се намали даночното оптоварување на доходот.[127] Тој е комбинација на општо намалување на даночните стапки на директните даноци и на изедначување на даночните стапки за сите висини на доход.[128] Рамното оданочување не придонесува да се коригира нерамномерната распределба на доходот во земјава, туку го прави спротивното - се фаворизира текот на доходот кон богатите и надвор од земјава. Иако позитивна страна на рамниот данок е тоа што успеа со својата едноставност да го подобри плаќањето на даноците во земјава, рамните стапки на данок на добивка и на данок на доход, ниските даноци на имот и постојаното одложување на воведувањето на оданочувањето на штедните влогови прават даночниот систем да биде целосно на страната на богатите. Затоа и државниот буџет во најголема мера се полни од данокот на додадена вредност, при што посиромашните плаќаат поголем данок како процент од својот расположлив доход во споредба со побогатите.

### 3.2.5 Невработеноста во Република Македонија

Невработеноста е социјално-економска појава, каде активната работна сила во одредена држава бара работа, но не може да најде. Невработени се оние лица кои имаат навршени шеснаесет години и се способни за работа и самите сакаат да работат, но немаат каде.

Општествата кои се соочувале со бројни економски, културни, политички промени неизбежно е да се судрат со невработеност. Тоа не значи дека економски развиените земји немаат невработени лица, но тие се во многу мал процент, а и општеството има развиено механизам со кои се справува со невработеноста.

[127] Гацов, Павле. Гоцков, Ѓорѓи. Петревски, Горан. Поповски, Никола. Тевдовски, Драган. Узунов, Ванчо. и Филиповски, Владимир. *Реформи за праведно оданочување*, Скопје: Фондација Фридрих Еберт Канцеларија, 2016: стр.5

[128] Ibid., стр.49

Ова е уште еден од социјалните и економски проблеми во Република Македонија покрај сиромаштијата и криминалот. Невработеноста е висока во текот на целиот период од осамостојувањето до денес и е една од највисоките стапки на невработеност во Европа. По осамостојувањето во 1990 година Република Македонија има стапка на невработеност од 23.5%, но драстичното зголемување на невработеноста се случува со почетокот на процесот на приватизација, во 1995 година стапката на невработеност се искачува на 35.6% и останува на нивото над 30% во текот на целиот период до 2013 година.[129]

На пазарот на труд постојат најразлични категории на луѓе од различна професионална, старосна, социјална  структура. Сите тие конкурираат со своите квалификации, вештини и талент и логично би било да се смета дека лицата со повисоко образование, знаења имаат поголема можност за вработување. Но, за жал во реалноста тоа не е правило. Дури честа е појавата кога на раководни позиции и работни места кои се сигурни и добро платени (примарен пазар на труд ) се поставени лица со ниски квалификации, а на несигурните, слабо платени работни места за кои не се потребни посебни квалификации работи високо квалификуван кадар, а често се случува да овие лица подолго време по завршувањето на образованието се невработени.[130] Вкупната работна сила е демографска категорија, која и покрај различните пристапи и критериуми при нејзиното дефинирање во различни земји во основа ја сочинуваат вработените и невработените лица заедно. За вработени лица се сметаат оние кои извршуваат некоја платена работа како и оние кои имаат вработување, но привремено се отсутни од работа поради болест, годишен одмор, штрајк и сл.

Невработеноста може да биде: фрикциона, структурна и циклична.[131]

Фрикционата невработеност е всушност повремена односно лицата се моментално невработени кога менуваат работно место или бараат нова работа. Тоа најчесто е резултат на одлуките внатре во организациите во услови на реорганизација, технолошки вишок, економска криза, политички промени во земјата и друго, при што најголем ризик да останат без работа се лицата со помалку квалификации, искуство,

---

[129]Saveska S., Brown R., "Unemployment in the Republic of Macedonia: Policy options for employment growth", 7th NISPAcee Annual Conference "Improving Relations between the Administration and the Public", Bulgaria, 1999, достапна на http://unpan1.un.org/intradoc/groups/public/documents/nispacee/unpan005871.pdf

[130] Печијарески, Љупчо. *Невработеноста во РепубликаМакедонија.* Скопје: Утрински весник, Април, 2009

[131]Фити, Таки. *Економија.* Скопје: Економски факултет, 2008: стр. 376

стаж, најмладите. Некогаш самите луѓе даваат отказ од една работа и се одреден период невработени или пак кога се одлучуваат да направат пауза за да се образуваат со цел да имаат подобри можности за подобро работно место.[132]

Структурната невработеност е вистински одраз на невработеност во една земја затоа што таа за разлика од фриктивната е постојана. Делумно влијание врз неа имаат ниските квалификации и стручност, желбите на потрошувачите, автоматизирање на производството при што се намалува бројот на работници во индустријата, каде човекот сега ја контролира машината која извршува многу операции, каде претходно истите операции ги извршувале голем број на луѓе.[133]

Циклична невработеност е условена од цикличен развој и движење на пазарните економии. Во фазата на рецесија кога економскиот циклус опаѓа се случува намалување на стопанската активност која предизвикува и намалување на побарувачката за работна сила и со самото тоа доаѓа до пораст на невработеноста. Кога економскиот циклус се движи низ фазата на експанзија, стопанската активност заживува и ја зголемува побарувачката за работна сила и доаѓа до намалување на невработеноста.[134]

Постоењето на невработеноста им нанесува на современите економии големи штети. За да може да се согледаат штетните последици од невработеноста треба да се направи анализа на три вида на трошоци: економските трошоци, социјалните трошоци и трошоците на државната благајна.

**Економски трошоци** - во економијата е познато дека вработеноста или невработеноста реагира на економска активност во една земја, односно бавниот тек на развој на економијата е проследено со зголемување на невработеноста. Негативната врска помеѓу економскиот раст и стапката на невработеност во економијата е позната како Окунов закон.[135]

Познатиот американски економист Артур Окун во 1961 година утврдил дека зголемувањето на стапката на невработеност во економијата од 1% над природната стапка на невработеност влијае на опаѓањето на БДП за 2.5%.[136]

[132]Фити, Таки. *Економија*. Скопје: Економски факултет, 2008: стр. 376
[133]Ibid., стр. 377
[134] Ibidem., стр. стр. 377
[135] http://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/Istrazuvanje_Kvartalen_izvestaj_Januari_2013.pdf
[136]Фити, Таки. *Економија*. Скопје: Економски факултет, 2008: стр. 382

Високата стапка на невработеност предизвикува економска нестабилност, која се изразува преку висока инфлација, дефицит во потрошувачката, дефицит во економските односи на меѓународен план. Високата стапка на невработеност ја поттикнува сивата економија, што дополнително влијае врз неможноста да се инкасираат даноците и со тоа се предизвикува лоша кондиција на буџетот.[137]

Големата понуда на пазарот на труд ја паѓа цената на работната рака и се отвораат можности да се користи евтина работна сила, но и можности за нејзина злоупотреба. Економската нестабилност и постоењето на сивата економија, како и порастот на криминалот и корупцијата државата ја прават неатрактивна за странските, па и за домашните инвеститори.

**Социјални трошоци** - невработеноста води кон нестабилност на работата на пазарот на труд, зголемување на трошоците за социјална поддршка, до ерозија на основната даночна стапка и до инвестициони трошоци во образованието и стручното оспособување.[138] Овие трошоци се тешко мерливи и се предизвикани од хумани и психолошки проблеми, што со себе ги носи самата невработеност.

Бројните медицински и психолошки испитувања во земјите со развиена пазарна економија, потврдуваат дека доколку невработеноста е долготрајна, таа придонесува за сериозни нарушувања на физичкото и психичкото здравје на невработените, и повлекува трошоци за општеството.[139] Тоа се ризиците и последиците кои произлегуваат од високата стапка невработеност во општеството. Невработеноста не е само проблем на невработените, туку и на нивните семејства и на општеството.

**Трошоци од буџетот** - е период на висока невработеност каде државниот буџет губи средства од растењето на социјалните трансфери за невработените, се губат даноците од доход кои доколку не постоеше невработеност истите би се плаќале, се губат придонесите за различните видови на осигурување кои ги плаќаат вработените.[140]

Поради високата стапка на невработеност и оптеретување на буџетот се преземаат економски активности, односно да најдат работа невработените и се

---

[137] http://www.komunikacija.org.rs/komunikacija/knjige/index_html/knjiga19/pdf24.pdf
[138] Фити, Таки. *Економија*. Скопје: Економски факултет, 2008: стр. 383
[139] Employment and Training Department- International Labour Office, The evaluation of active labour market measures for the long-term unemployed, Geneva http://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_emp/documents/publication/wcms_120317.pdf
[140] Фити, Таки. *Економија*. Скопје: Економски факултет, 2008: стр. 383

преземаат социјални активности за зголемување на вклученоста и партиципацијата поврзани со вработеноста.[141]

Неискористеноста на човечките ресурси, нивните знаења и вештини условува остварување помал бруто национален производ во однос на потенцијалниот и високата стапка на невработеност предизвикува стагнација на економскиот раст.[142]

Република Македонија се соочува со реформи во сите сфери на општествениот живот, економијата, политиката, културата, образованието и здравството. После осамостојувањето македонското општество се соочи со бројни вообичаени проблеми и појави на транзициско општество во развој, како невработеност, сиромаштија, демонстрации и различни фази на креирање и развој на социјална политика и заштита.

Невработеноста во Република Македонија е мошне висока и заклучно за 2015 година изнесуваше околу 24.6 %, додека во првиот квартал од 2016 година изнесува 24.5 %[143], што укажува дека голем дел од населението нема рамноправен пристап до пазарот и можностите што тој ги нуди за развој и подобар животен стандард.

Може да се констатира дека има намалување на стапката на невработеност, што може да се смета за индикатор за зголемување на ефикасноста на економската политика. Фактори кои влијаеле за поместувањето се следните: институционалните промени на пазарот на трудот, промените во јавната потрошувачка, промените во фискалната политика и промените во монетарната политика.[144]

Вработеноста е клучно социо - економско прашање за Република Македонија и се смета како основна потреба покрај храната, потребите за домаќинствата и сл. Долгорочната невработеност има негативно влијание врз економската приспособливост, бидејќи луѓето кои се невработени долг временски период, често имаат тешкотии со прифаќање на работа, односно имаат психолошки последици.[145]

Вработувањето и социјалната заштита може да содејствуваат на повеќе начини:

- влијание врз способноста на луѓето да инвестираат во нивното здравје и образование дури и да се стремат кон повеќе и подобри можности за

[141] Arvo Kuddo, Employment Services and Active Labor Market Programs In Eastern European and Central Asian Countries, 2009 http://siteresources.worldbank.org/SOCIALPROTECTION/Resources/SPDiscussion-papers/Labor-Market-DP/0918.pdf

[142] http://www.komunikacija.org.rs/komunikacija/knjige/index_html/knjiga19/pdf24.pdf

[143] Податокот е согласно Државниое завод за статистика, http://www.stat.gov.mk/Default.aspx

[144] Николоски, Димитар. *Филипсовата крива во Република Македонија како инструмент за креирање политики*, Економија и бизнис, год. 16, бр. 179, мај 2013, стр. 47

[145] Jahoda, Marie., Lazarsfeld, Paul Felix., Zeisel, Hans. (1993)Die Arbeitslosen von Marienthal. Ein soziographischer Versuch über die Wirkungen langandauernder Arbeitslosigkeit.Leipzig:Hirzel

вработување, како што е случајот со условени парични трансфери;

- подобрување на достапноста и условите за работа;
- поддршка за активности кои создаваат приход - на пример со комбинација на субвенции во почетна фаза и трансфери од храна и пари за сопствениците на мали фарми
- обезбедување заштита за голем број на неформално вработени лица или обезбедување заштита за мигранти.[146]

Сепак начинот на кој овие две области содејствуваат зависи од тоа како се програмите дизајнирани и поврзани. Во идеални услови тие не би требало да создаваат ненамерни последици и всушност треба да бидат изградени една врз друга со цел да го зголемат заедничкото влијание врз благосостојбата и флексибилноста.

Стапката на невработеност во Република Македонија е на значително високо ниво, како резултат на бавниот економски раст, недостиг на инвестиции, сива економија, социјални проблеми, долгорочна невработеност, невработеност кај ранливите групи, родова нееднаквост и неусогласеност на образовниот систем и потребите на пазарот на трудот.

## 3.3 Сивата економија и корупцијата како предизвици за човековата безбедност во Република Македонија

Под сива економија се подразбираат економски активности кои се легални, но (намерно) не се регистрирани и не се пријавени за даночни цели. Неколку клучни фактори влијаат врз големината на овој општествен феномен: степен на економска развиеност на земјата, даночниот товар, строгата и комплексна регулација на формалната економија, посебно на пазарот на труд, нивото на корупција, довербата во владата, даночниот морал.[147]

Сивата економија е појава која тешко може да се идентификува, следи или да се мери. Луѓето кои се определуваат за сивата економија се незадоволни од начинот како функционира официјалната економија, односно од социјалните придонеси,

[146]Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020
[147]http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2015/04/PolicyBrief33_MK.pdf

неефикасноста на администрацијата, јавните институции, судовите, даночниот систем, високата невработеност, распространетоста на митото и корупцијата итн. Кога постои незадоволство во одредена држава одреден дел од економските субјекти прибегнуваат кон сива економија. Сивата економија е условена од нивото на развој на земјата, а со тоа и ефикасноста на институциите и доколку постои низок степен на развој и неефикасни институции, оваа појава е во експанзија.[148]

Растот на неформалната економија преку разни форми на нелегални бизниси доведе до пораст на социјалната исклученост и пад на интересот за едукација. Во земјите на транзиција постои поврзаност помеѓу развојот на приватниот сектор и сивата економија, односно се забележува ширење на приватниот сектор кое е придружено со зголемена сива економија.[149]

Сивата економија е сериозен предизвик за човековата безбедност во Република Македонија, која во периодот на транзиција се инфилтрираше длабоко во општеството и негативно се одрази на стапката на вработеност. Таа предизвикува низа последици и има одраз врз многу слоеви и има посебно негативно влијание врз ранливите и маргинализираните групи во општеството.

Табела 4. Формална и неформална вработеност според структура на вработеноста во % во Република Македонија за период 2013-2015 година

| | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|
| Вкупно вработени | 100 | 100 | 100 |
| Формална вработеност | 77.5 | 77.4 | 80.1 |
| Неформална вработеност | 22.5 | 22.6 | 19.9 |

*Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија (2015), Анкета за работна сила

Од табела 4 може да се констатира тенденција за намалување на неформалната вработеност, од 22.5% во 2013 година, каде во текот на 2015 година изнесува 19.9%. Она што се забележува е надолен тренд на неформалното вработување во текот на изминатите години, со што се индицира тренд на намалување на неформалното вработување и придвижување на трудот кон формализирање на вработувањето. Имено,

[148]Министерство за труд и социјална политика. *Национална стратегија за вработување на Република Македонија 2015 година.* 2011: стр.29

[149]Лако, Марија. *Скриена економија – непознатиот квантитет? Компаративна анализа на скриените економии во земјите во транзиција во периодот 1989/1995,* 2000

трансферот на вработените „неформално" во вработени „формално" е прв чекор за решавање на овој проблем.

Во Република Македонија се развиваат и имплементираат програми за справување со сивата економија и со тоа се преземаат активности да се зголеми процентот на трансфер на сивата економија во легална/формална. Овој проблем се јавил кај сите земји во транзиција, односно ширењето на приватниот сектор е придружен со зголемена сива економија и во почетокот на новиот милениум , каде Република Македонија во однос на другите балкански земји имала најголема сива економија.[150] Со намалувањето на сивата економија се придонесува во севкупниот економски развој и зголемување на вработеноста.

Глобализацијата е причината за структурно насилство продуцирано од страна на државата. Структурното насилство е причината поради која материјалниот и техничко - технолошкиот напредок доведе до продлабочување на јазот помеѓу богатите, кои станаа уште побогати, и сиромашните кои станаа уште посиромашни.

Врската помеѓу сиромаштијата и глобализацијата е уште потешко да се одреди. Треба да имаме предвид дека со посредство на глобализацијата и водење на добра економска политика може да се издејствува раст и да се редуцира нееднаквоста во една национална економија. Позитивното влијание на глобализацијата во однос на сиромаштијата може да се претпостави со индиректната врска помеѓу растот на земјата и глобализацијата.[151] Односно колку е поголем растот на земјите, толку е пониско нивото на сиромаштија. Проблемите би требало да се решаваат со економска соработка помеѓу развиените, земјите во развој и оние на развојното дно.

Покрај сивата економија, како резултат на долгогодишната и тешка транзиција, постојано изложена на можност од вооружен конфликт, корупцијата е уште еден предизвик со кој е загрозена човековата безбедност на македонските граѓани.

Под корупција се подразбира расипаност, изопаченост, подметнување, поткупување, распаѓање итн.[152] Или корупција е искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност, и положба за остварување на каква и да било корист за себе или друг.[153] Според одредени гледишта за корупцијата, општеството се

[150]Шнајдер, Фридрих. *Големината и развојот на работната сила во сивата економија на 22 транзициски и 21 ОЕЦД земји: Што навистина знаеме?* 2004: стр.7
[151] http://data.worldbank.org/indicator/SI.POV.GINI/countries/1W-EU-A9?display=map
[152] http://www.ccc.org.mk/docs/Vodic-za-nevladini-organizacii-za-borba-protiv-korupcijata.pdf
[153]Чл.1-а Закон за спречување на корупцијата, Службен весник на Р Македонија, бр. 28/02

набљудува како целина и не се навлегува во проучувањето на однесувањето на поединците кои се членови на општествената заедница, односно корупцијата се определува како морално распаѓање на целокупното општество.[154]

Република Македонија е општество во кое граѓаните не и веруваат на државата, на Владата, на институциите, бидејќи ги гледаат како корумпирани. Високото ниво на доверба во роднини и блиски позитивно влијае на корупцијата, затоа што се смета дека на тој начин луѓето можат да извршат поткуп, потпирајќи се на взаемната доверба и дека нема да бидат фатени. Граѓаните во Република Македонија не веруваат во другите, во државата, освен во своите роднини и политичарите. Гореспоменатите индикатори даваат слика за македонското општество дека постои ниско ниво на доверба, дека граѓаните не им веруваат на претставниците кои ги избираат, на институциите, системот и ги доживуваат како несигурни.[155]

Во насока на спречување на оваа општествена девијација, се преземаат мерки со кои се поставуваат основите на системот за борба против корупцијата.

Во 2002 година донесен е Закон за спречување на корупцијата. Со истиот закон предвидено е конституирање на државна Комисија со надлежност да применува мерки и активности за спречување на корупција во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и политиката, мерките и активностите за спречување на судирот на интереси, мерките и активностите за спречување на корупцијата при вршењето на работи од јавен интерес на правните лица сврзани со остварувањето на јавни овластувања како и мерките и активностите за спречување на корупцијата во трговските друштва. Република Македонија во 2007 година ја потпиша Конвенцијата на ОН за борба против корупцијата, заедно со уште 168 земји и се обврза на широки реформи на локално и национално ниво за да се спречи корупцијата. Владата и институциите во Република Македонија, согласно оваа Конвенција имаат обврска да ги превземаат сите мерки со кои им овозможуваат на граѓаните да ги прошируваат можностите за достоинствен живот и благосостојба.

Како што е претходно наведено се настојува да се имплементира политика за справување со корупцијата, но во Извештаите за напредок на Република Македонија, на Европската комисија, се констатира дека има слаб напредок во борбата со овој вид

---

[154] Shumer, S.M., Machiavelli, Republican Politics and its Corruption, Political Theory, 1979, Vol.7, стр. 5-34

[155] Stojanoska, Biljana.*Corruption in Macedonia: Fighting a Battle with Inadequate Weapons.* Skopje: Evrodijalog no.15, 2012: стр. 115 http://studiorum.org.mk/evrodijalog/15/pdf/EVRODIJALOG_Br_15_Stojanoska_ENG.pdf

на криминалитет. Во Извештајот од 2013 се вели дека корупцијата е сериозен проблем во Република Македонија и преовладува во многу области.[156] Додека во Извештајот што се однесува на 2014 година се констатира подобрување, но сепак останува сериозен проблем во одредени области како што се јавните набавки, корупцијата во политиката и корупцијата на високо ниво, поради тоа се дава препорака да се преземат активности за подигнување на свеста и развој на политичка посветеност. Се смета дека поради горе наведеното и довербата на јавноста во антикорупциската тела е слаба.

Според Извештајот за Напредок на Република Македонија од Европската комисија од 2015 година[157] корупцијата останува широко распространета, постои слаб капацитет за таа да се третира и има недостатокот на политичка волја, но постои и политичко мешање во работата на релевантните тела, што ја попречува нивната можност да дејствуваат проактивно во случаите од високо ниво.

Поради тоа се дава препорака дека е неопходно земјата да работи со внимание и вистинска волја во борбата против корупцијата и да презема мерки преку телата за спроведување на законот, со цел да се зголеми јавната свест и доверба.[158]

Во последниот Извештај на Европската комисија од 2016 година забелешки се нотирани на сметка на структурните слабости во Државната комисија за спречување на корупција, се констатира политичко влијание врз нејзината работа, со што се намалуваат претходните напори за напредок.

Имено, еден од условите за членство во Европската унија е создавање на ефикасен систем за справување со корупцијата, како еден од најраспространетите форми на криминал навлезен во сите сегменти на општеството. Оттука и големата заинтересираност на земјите во транзиција за ефикасно откривање, спречување и сузбивање на корупцијата.

---

156 http://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Izveshtaj-na-Evropskata-komisija-za-napredokot-na-epublika-Makedonija-za-2013-16.10.2013.pdf

157 http://www.sobranie.mk/content/%D0%9D%D0%A1%D0%95%D0%98/PR2015_All_CK_FF_MK_16.11.2015.pdf

158 http://ec.europa.eu/enlargement/news_corner/news/newsfiles/20150619_urgent_reform_priorities.pdf.

## 4. Перспективи за човековата безбедност во Република Македонија

Глобалните предизвици кои се јавуваат во облик на болести, сиромаштијата, се всушност аномалија која постои како последица на овој глобален јаз и се манифестира низ нееднаквост која кога ќе достигне одредено ниво резултира со политички хаос, екстремизам од секаков вид, економска несигурност, неконтролирани миграциските движења, кои на крајот би доведе и до загрозување на стабилноста на самиот меѓународен систем.

Мора да напоменеме дека човековата безбедност е важна за сите луѓе без разлика каде живеат, дали во богата или во сиромашна држава, заканите кои постојат не ги разликуваат луѓето и тие се заеднички за сите. Невработеноста, криминалот, загадувањето на животната средина, повредите на човековите права се само дел од нив. Иако интензитетот и перцепцијата на овие закани е различен во зависност од тоа за кој дел од светот станува збор, општо гледано сите овие закани за човековата безбедност постојат во реалниот свет, се очигледни и се во пораст.

Економскиот раст нема да ја намали сиромаштијата, ниту да ја зголеми еднаквоста и бројот на вработувањата, ако не е инклузивен. Инклузивниот раст е неопходен за постигнување на Милениумските развојни цели (Millennium Development Goals - MDGs). Процесот на глобализација, кога е соодветно управуван, станува важна состојка на инклузивниот раст. Во овој контекст УНДП работи на реално унапредување во животите на луѓето, отворајќи простор за нивните избори и можности.[159]

Глобализацијата може да ја намали сиромаштијата и јазот помеѓу сиромашните и богатите[160], односно самиот процес може да има големи бенефиции, а воедно и придонесува за пад на сиромаштијата и приближување на сиромашните земји кон богатите, но има и негативни аргументи кои се јавуваат од неправилниот однос и дискриминација помеѓу развиените, земјите во развој и неразвиените земји.[161]

[159] Poverty reduction, http://www.undp.org/content/undp/en/home/ourwork/povertyreduction/overview.html
[160] David Dollar, Aart Kraay, Trade, Growth, and Poverty,Finance and Development, International Monetary Fund, September,2011, Volume 38, Number 3
[161] Joshi, R.Mohan, International Business, Oxford University Press, 2009, New Delhi and New York, page29

## 4.1 Анализи на предизвиците поврзани со човековата безбедност во Македонија за период од 2013 до 2015 година

### 4.1.1 Индекс на сиромаштија

Социјалната вклученост како предизвик на одржливиот развој има за цел создавање на општество во кое ќе постои солидарност во и меѓу генерациите и ќе се обезбеди поголем квалитет на животот како предуслов за трајна благосостојба. Пристапот на пазарот на трудот, особено за жените и за повозрасните е фактор на социјална инклузија. Долгорочната невработеност го зголемува ризикот од социјално исклучување. Животот во домаќинства без вработени лица и зависноста од социјална помош го зголемуваат ризикот од меѓугенерациски трансфер на сиромаштијата. Намалувањето на сиромаштијата е основа за остварување на фундаменталните човекови права. Социјалната инклузија и сиромаштијата се тесно поврзани со социоекономскиот развој. Слабата економија создава голема и долгорочна невработеност. Сиромаштијата ја оптоварува економијата и зголемениот број на лица со ниско образование го намалува капацитетот на економијата да ги ангажира човечките ресурси за создавање на економска благосостојба и пораст на бруто-домашниот производ.

Според концептот на човековиот развој, сиромаштијата претставува недостаток на можности за човеков развој. Мерењето на сиромаштија е со индексот на човекова сиромаштија - human poverty index HPI. Индексот ги комбинира краткиот живот, недостатокот на образование, социјалната исклученост и недостатокот на материјални добра.[162] Овој индекс за недоволно развиените земји HPI-1 во првата компонента, должина на живот се однесува на опстанокот, односно процентот на луѓе кои ќе го завршат својот живот пред да дојдат на 40-тата годишна возраст. Втората компонента знаењето се однесува за исклученост од светот на писменоста и комуникациите, односно колку од возрасните лица се неписмени. Последната компонента односно животниот стандард се однесува на економската снабденост на тоа колкав е процентот на луѓе кои имаат пристап до здравствени услуги, до здрава вода и до храна.

---

[162]Ефтимоски,Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009: стр.319

Индексот за развиените земји освен со овие три компоненти ја вклучува и четвртата социјалната исклученост, неможноста на луѓето да бидат вклучени во општествените текови. Оваа компонента е застапена преку стапката на долгорочна невработеност, односно невработеност над 12 месеци.[163]

Ако го земеме предвид ваквото разликување на индексот за развиените и неразвиените земји, може да се констатираат различните потреби и очекувања кои ги имаат државите, зависно од категоријата во која се наоѓаат (на развиени или неразвиени земји). Оттука, оправдан е ставот за потребата од организиран институционален пристап за развој на концептот на човекова безбедност, посебно во земјите во развој.

Сиромаштијата е комплексен феномен и за анализа најдобро е истовремено да се применуваат индексот на човековата сиромаштија со мерилата на доходовната сиромаштија.

Од 2010 година во Република Македонија се применуваат Лаекенски индикатори за нејзино мерење и според нив за сиромашни се сметаат тие лица, чијшто приход е понизок од 60 проценти од медијалната еквивалентна вредност. Иако постои дефиниција што е компатибилна со европските стандарди, сепак таа го става фокусот врз недостиг, кој покрај доходот, ги вклучува и условите на живеење, како што се: недостиг од дом, чиста вода, пристап до електрична енергија, санитарни услови, услови за школување, здравствена заштита, транспорт и слично.

Според податоците објавени од Државниот заводот за статистика, за период од 2011 година до 2014 година, врз основа на податоците од Анкетата за приходи и услови за живеење, спроведена во согласност со препораките на Европската унија, во 2015 година се пресмета Лаекен индикаторот. Индексот на длабочината на сиромаштијата, кој мери колку сиромашните се длабоко во сиромаштија, покажа најлоша бројка досега – 10.1.

[163]Ефтимоски,Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009: стр.320

Графикон бр.1 Лаекен индикатор за стапка на сиромаштија за период 2011-2014 година




*Извор: Државен завод за статистика (2014), Анкета за приходи и услови на живеење

Според графиконот број 1 можеме да констатираме дека се забележува тренд на намалување на процентот на лицата кои живеат под линијата на сиромаштија. Анализата е направена за периодот 2011 година до 2014 година, односно во 2011 година индикаторот изнесувал 27.1%, а во 2014 година индикаторот изнесувал 22.1%. Самиот графикон дава слика на процентуално намалување на лицата кои живеат под линијата на сиромаштија и тоа од 5 проценти.

Основа на пресметките на сиромаштијата се приходите, прагот на сиромаштијата е дефиниран на 60% од медијалниот[164] еквивалентен приход.

Табела 5. Стапка на сиромашни или социјално исклучени лица за период 2012-2015 година

| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 50.3 | 48.1 | 43.3 | 41.6 |
| ЕУ 28 | 24.7 | 24.5 | 24.4 | 23.7 |

*Извор: Државен завод за статистика (2016), Анкета за приходи и услови на живеење

[164]Ефтимоски,Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи. 2009: стр.311

Доколку направиме анализа според други показатели што ја мерат сиромаштијата (индекс на релативна сиромаштија и длабочина[165] на сиромаштија), стапката на сиромаштија во Република Македонија во последната деценија бележи тренд на пораст. Стапката на релативна сиромаштија во Република Македонија од 19 проценти во 1997 порасна на 30.4 проценти во 2011 година. Според Милениумските развојни цели, сиромаштијата во Република Македонија треба да биде намалена на 9.5% до 2015 година.

Во табела 5 се забележува процентуално намалување на сиромашни или социјално исклучени лица, но сепак истата е далеку од ЕУ 28. Агрегатниот индикатор за Република Македонија во 2012 година изнесува 50.3%, а во 2014 година изнесува43.2%, во ЕУ 28 истиот во 2012 година изнесува 24.7%, а во 2014 година изнесува 24.4%. Самата табела дава слика на населението кое било подложно на ризик од сиромаштија или социјална исклученост. Со анализа на структурата се добива слика за човечки потенцијал кој не е економски активен.

Високата стапка на сиромаштија делумно се должи на социо – економски фактори, како предолгиот транзициски процес, ниската економска активност и високата стапка на невработеност, но значаен дел од факторите отпаѓаат и на недостиг на стратегиски мерки, оперативни планови и акции за намалување на сиромаштијата.

Табела6.Стапка на сиромаштија пред и после социјални трансфери, за период од 2013-2015 година

| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|
| Стапка на сиромаштија пред социјалните трансфери | 42.6 | 41.0 | 41.7 | 40.5 |
| Стапка на сиромаштија по социјални трансфери | 26.2 | 24.2 | 22.1 | 21.5 |
| Стапка на сиромаштија пред социјалните трансфери со вклучени пензии | 28.8 | 26.8 | 24.8 | 24.8 |

*Извор: Државен завод за статистика (2016), Анкета за приходи и услови на живеење

[165]Ефтимоски,Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009: стр.312

Во последните години се забележува тренд на социјалните трансфери и нивното учество во вкупните буџетски расходи достигнува до 45% во 2013 година.[166]

Стапката на сиромаштија пред социјалните трансфери (табела 6) во 2012 година изнесува 42.6%, додека во 2015 година изнесува 40.5%. Она што може да се забележи, споредувајќи ги податоците од 2012 година до 2015 година е дека стапката на сиромаштија пред социјалните трансфери се намалува. Од табелата може да констатираме дека има и намалување и во стапката на сиромаштија по социјални трансфери и намалување кај стапката на сиромаштија пред социјалните трансфери со вклучени пензии. Овие трансфери ја ублажуваат и намалуваат сиромаштијата на краток рок, но не придонесуваат за долгорочно намалување на сиромаштијата, бидејќи само во дадениот момент ги надополнуваат потребните минимум финансиските средства на граѓаните, без да се создадат услови за трајно отстранување на проблемите, преку создавање на нови работни места, промени во образовниот систем и слично.

Во Извештајот за напредок на Република Македонија од Европската комисија, во 2013 година сиромаштијата останува на високо ниво и спроведувањето на постојните политики и стратешки планови не се на задоволително ниво, кое е попречено со недостатокот на институционален капацитет и финансиски ресурси. Исто така се дава забелешка дека се уште има дискриминација и одделување на учениците Роми во училиштата, нема ни интегрирање на децата од улиците во образованието, постои дискриминација на Ромите во делот на вработувањето и тие живеат во сиромаштија и невработеност со супстандардни услови за живеење.

Во Извештајот за напредок на Република Македонија од Европската комисија од 2014 година[167] се нагласува се уште високата стапката на сиромаштија и се дава забелешка за институциите кои се одговорни за спроведување на политиките и стратешките активности немаат доволен капацитет. Иако се забележани активности со цел намалување на стапката на напуштање на основното образование кај децата Роми, тоа и понатаму претставува отворен проблем за македонското општество, бидејќи тие живеат во длабока сиромаштија со лоши социо - економски услови, дискриминирани при нивното вработување.

---

[166] Петрески, Благица. Петреска, Деспина. Костадинов, Александар. *Внимавајте на јазот меѓу буџетските ставки и програмите од Националната стратегија за намалување на сиромаштијата.* Скопје, Здружение за економско истражување, застапување и донесување економски политики „Finance Think", 2014: стр.3
[167] http://www.sep.gov.mk/data/file/Progres%20Report%202014/Izvestaj%20MK_PROV_10_10_2014.pdf

### 4.1.2 Индекс на нееднаквост

Индексот Џини[168] во Република Македонија покажува дека има значително висока нееднаквоста во приходите во однос на останатите земји на Југоисточна Европа и земјите од Европската унија.

Неправедноста во распределбата на доходот во Република Македонија се зголемува низ времето. Прва година за која Светска банка има објавено податок за распределба на доходот во Република Македонија е 1998 година, а последна 2010 година.

Сепак, проблемот на Република Македонија е што распределбата на доходот е многу неправедна во споредба со други земји, односно Република Македонија има една од најнеправедните распределби на доходот во регионот на ЈИЕ.

Во табела 7 се прикажани вредностите на индексот Џини за Република Македонија каде индексот ни ја покажува мерката за нееднаквоста, односно алтернативен начин на искажување на распределбата во доходот. Негова предност е во тоа што ја сумира распределбата на доходот во една бројка (вредност). Тој покажува колкаво е отстапувањето на распределбата на доходот на индивидуалните (или домаќинствата) во една економија од перфектно еднаквата распределба.

Џини индексот се мери на скала од 0 до 100, каде што 0 значи целосна еднаквост, а 100 значи вкупно нееднаквост. Нееднаквоста е концепт на структурни промени, засновани на различни фактори во земјата.[169]

Табела 7. Индекс Џини во Република Македонија за период од 2012-2015 година

| **Република Македонија** | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|
| Индекс Џини (Gini) | 38.8 | 37.0 | 35.2 | 33.7 |

*Извор: Државен завод за статистика (2016), Анкета за приходи и услови на живеење

[168]Ефтимоски,Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009: стр.330
[169]Ibid.,стр.326

Поголем индекс укажува на поголема нееднаквост во распределбата на приходите. Индексот е висок, но покажува тенденција на намалување во Република Македонија во периодот од 2012 година до 2015 година.

Дистрибуцијата на доходот е фактор со кој се определува растот на економијата во Република Македонија и тој влијае директно или индиректно.

Кузнецовата крива[170] ја прикажува врската помеѓу дистрибуцијата на доходот и економскиот раст и од прикажаното можеме да заклучиме дека нееднаквоста во дистрибуцијата на доходот расте за време на иницијална фаза на економскиот раст (кога работната сила се сели од земјоделството во индустријата), каде подоцна настанува стабилизација и почнува да се намалува.

Слика 3. Кузнецова крива




*Извор: Ефтимоски, Димитар. Економски раст. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009

[170]Ефтимоски,Димитар. *Економски раст*. Битола: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, 2009: стр.325

Според слика 3 во првата фаза работната сила е во земјоделскиот сектор, а доходот per capita е низок, каде е ниска и нееднаквоста, во втората фаза работната сила се сели од земјоделскиот во индустрискиот сектор и нееднаквоста почнува да расте. Во третата фаза веќе работната сила е преселена во индустрискиот сектор и нееднаквоста почнува постепено да опаѓа, во четвртата фаза настапува неутрализирање, односно со самиот премин на работната сила која е со ниски доходи од еден во друг сектор, не предизвикува ефект врз нееднаквоста.

Џини коефициентот е мерило на степенот на нееднаквоста во дистрибуцијата на доходот во економијата. Кузнецовата крива го објаснува влијанието на економскиот раст врз дистрибуцијата на доходот, но не го објаснува влијанието на дистрибуцијата на доходот врз економскиот раст. Нееднаквоста во дистрибуцијата на доходот истовремено претставува нееднаквост во дистрибуцијата на шансите на луѓето да инвестираат во сопствениот човечки капитал, од што зависи нивото на нивниот доход, нееднаквата дистрибуција генерира и политичка нееднаквост меѓу луѓето. Доколку доходот е еднакво дистрибуиран меѓу луѓето, тогаш сите би остварувале ист доход и тие што работат и тие што не работат, можеме да кажеме дека квалитетот на животот на луѓето е определен од еднаквоста во дистрибуцијата на доходот, додека успехот на економскиот систем од неговата ефикасност.

Моделот на организација на власта во државата, степенот на политичката и економската стабилност на земјата, степенот на економската слобода се значајни фактори кои имаат големо влијание врз економскиот раст на земјата. Политичката нестабилност на една земја ја намалува склоноста кон инвестирање во економијата и со самото намалување на економскиот раст се зголемува политичката нестабилност на земјата. Корумпираноста на државната администрација влијае на политичките и општествените состојби во државата, кои допринесуваат до намален економскиот раст. Зголеменото ниво на корупција дава негативни ефекти во земјата врз дистрибуцијата на човечки капитал и приливот на странски директни инвестиции.

Сиромаштијата и нееднаквоста се социо - економски проблеми кои имаат влијание врз животниот стандард и квалитетот на животот на луѓето.

### 4.1.3 Анализа за невработеноста во Република Македонија

Република Македонија е во групата на земји со највисока стапка на невработеност во Европа. Постојано високата невработеност е клучен индикатор за сиромаштијата во земјата. Невработеноста главно е од структурен карактер, со висока стапка на долгорочна невработеност и ниско ниво на образование кај невработените луѓе. Во Република Македонија податоците за нивото на невработеност се обезбедуваат од Агенцијата за вработување и од Државниот завод за статистика на Република Македонија од Анкетата за работна сила, која се базира на примерок од 10.000 домаќинства, во согласно со стандардите на МОТ[171] и ЕУРОСТАТ.[172]

Во Агенцијата за вработување[173] на Република Македонија, заклучно со 31.12 2015 година, евидентирани се вкупно 114 479 невработени лица.

Табела 8. Стапка на невработеност на лица на возраст од 15 до 74 години за период од 2013-2015 година

| | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|
| Република Македонија | 29.0 | 28.0 | 26.1 |
| ЕУ 28 | 10.9 | 10.2 | 9.4 |

*Извор: Државен завод за статистика (2016), Анкета за работна сила

Вкупната стапка на невработеност претставува учество на невработените лица на возраст од 15 до 74 години во вкупната работна сила. Работната сила ја составуваат вкупниот број вработени и невработени лица. Индикаторот е претставен како вкупна стапка на невработеност, по пол и по возрасни групи, според бројот на невработените лица во однос на вкупната работна сила од истата целна група.

Стапката на невработеност на лицата на возраст од 15 до 74 години во 2015 година изнесува 26.1.% што е намалување од 2.9% во однос на 2013 година и 1.9% во однос на 2014 година, но сепак бележи висок процент на невработеност во споредба со земјите од Европската Унија, каде во 2013 година изнесува 10.9% и во 2015 година

[171] Меѓународна организација на трудот (МОТ)
[172] Европско статистичко биро (ЕУРОСТАТ)
[173] Агенција за вработување на Република Македонијаhttp://www.avrm.gov.mk/content/

изнесува 9.4%. Главно младите и постарите работници, жените и ниско квалификуваните лица се оние што страдаат од невработеност.

Од табела 8 може да се заклучи дека има намалување на невработеноста од 2013 година во однос на 2014 година и 2015 година, сето тоа може да биде како резултат на знаци на заздравување на економската криза, вработувањата кои се во јавните администрации и емиграцијата.

Образовната ерозија е присутна на сите нивоа на образование од основно, средно до високо образование. Образованието претставува значајна претпоставка за постигнување значајни социјални цели, повисок животен стандард, општествена мобилност, почитување на правниот поредок и институциите на системот и претставува мост помеѓу разликите по етничка, религиозна и политичка припадност.

Табела 9. Стапка на вработеноста според нивото на образование на лица од 25 до 64 години за период од 2013-2015 година

| **Ниво на образование** | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|
| Основно образование | 36.2 | 36.9 | 36.8 |
| Средно образование | 60.4 | 61.2 | 61.6 |
| Високо образование | 71.4 | 72.4 | 74.4 |

* Извор: Државен завод за статистика (2016), Анкета за работна сила

Можеме да заклучиме дека во Република Македонија има позитивен тренд на вработеност од аспект на нивото на образование, односно бележи пораст во сите три нивоа на образование, во однос на вработеноста. Повисокото просечно ниво на образование не води секогаш до квалитетен човечки капитал. Во 2015 година лицата со високо образование имаат стапка на вработеност од 74.4%, со средно образование 61.6% и оние со ниско образование 36.8% (Табела 9). Овие промени во стапката на вработеност според образовно ниво се резултат на движењата на страната на понудата и побарувачката на работната сила. На страната на побарувачката, бројот на работни места (вработени лица) со високо и средно образование е зголемена уште повеќе така што стапката на вработеност за овие лица благо опаѓа.

Главни индикатори за следење на промените кај работната сила се:

- Стапка на активност (работна сила/работоспособно население)
- Стапка на вработеност (вработени/работоспособно население)
- Стапка на невработеност (невработени/ работна сила).[174]

Табела 10. Стапка на активност (работната сила/работоспособно население) за период од 2013-2015 година

| **Возраст** | **2013** | **2014** | **2015** |
|---|---|---|---|
| 15-19 | 12.7 | 11.9 | 10.7 |
| 20-24 | 52.2 | 50.5 | 51.7 |
| 25-29 | 77.2 | 79.5 | 77.6 |
| 30-34 | 84.2 | 82.9 | 81.2 |
| 35-39 | 80.9 | 83.2 | 83.2 |
| 40-44 | 79.8 | 80.7 | 80.1 |
| 45-49 | 78.7 | 78.6 | 75.5 |
| 50-54 | 73.7 | 74.7 | 74.3 |
| 55-59 | 64.5 | 65.6 | 64.6 |
| 60-64 | 33.0 | 31.8 | 35.0 |
| 65+ | 3.0 | 2.4 | 4.0 |
| **Вкупно** | **57.2** | **57.3** | **57.0** |

* Извор: Државен завод за статистика (2016), Анкета за работна сила

Според табела 10 стапките на активност на населението независно на возраста во 2013 е 57.2%, во 2015 година изнесува 57.0%. Според возраста стапката на активност очекувано е највисока во периодот од 25 - та до 49 - та година. Се забележува подобрување на состојбите на пазарот на трудот во 2014 година, односно намалување на невработеноста, а зголемување на вработеноста и активноста, но повторно во 2015 година има намалување на процентот на активност и тоа се забележува кај категориите од 15-19 годишна возраст, од 30-34 годишна возраст и од 45-49 годишна возраст.

[174] http://www.mtsp.gov.mk/?ItemID=F929FD8F442B3840ABB1BF339897B832

Табела 11. Стапка на вработеност (вработени/работоспособно население) за период од 2013-2015 година

| **Возраст** | **2013** | **2014** | **2015** |
|---|---|---|---|
| 15-19 | 4.8 | 4.3 | 5.8 |
| 20-24 | 26.2 | 24.7 | 27.1 |
| 25-29 | 45.9 | 48.2 | 47.3 |
| 30-34 | 59.4 | 59.0 | 60.9 |
| 35-39 | 60.0 | 65.6 | 64.2 |
| 40-44 | 62.0 | 63.7 | 64.4 |
| 45-49 | 63.8 | 62.3 | 61.4 |
| 50-54 | 57.4 | 58.2 | 58.7 |
| 55-59 | 49.1 | 51.6 | 50.7 |
| 60-64 | 24.9 | 23.5 | 28.2 |
| 65+ | 2.8 | 2.2 | 4.0 |
| **Вкупно** | **40.6** | **41.2** | **42.1** |

* Извор: Државен завод за статистика (2016), Анкета за работна сила

Стапките на вработеност на населението независно на возраста во 2013 година е 40.6%, во 2014 година 41.2% и во 2015 година има раст на 42.1%. Има намалување на невработеноста, а зголемување на вработеноста и тоа се забележува кај сите категории постепено, но во категоријата од 35-39 годишна возраст има највисока стапка на пораст.

Табела 12. Стапка на невработеност (невработени/работна сила) за период од 2013-2015 година

| **Возраст** | **2013** | **2014** | **2015** |
|---|---|---|---|
| 15-19 | 62.3 | 63.5 | 46.1 |
| 20-24 | 49.7 | 51.0 | 47.6 |
| 25-29 | 40.5 | 39.3 | 39.0 |
| 30-34 | 29.5 | 28.9 | 25.0 |
| 35-39 | 25.8 | 21.2 | 22.9 |
| 40-44 | 22.3 | 21.0 | 19.6 |
| 45-49 | 19.0 | 20.7 | 18.7 |
| 50-54 | 22.1 | 22.1 | 21.0 |
| 55-59 | 23.9 | 21.3 | 21.5 |
| 60-64 | 24.4 | 26.0 | 19.3 |
| 65+ | 7.4 | 6.8 | - |
| **Вкупно** | **29.0** | **28.0** | **26.1** |

*Извор: Државен завод за статистика (2016), Анкета за работна сила

Од табела 12 може да се заклучи дека стапката на невработеност кај сите возрасти опаѓа во 2015 година споредбено со 2013 година, а најмногу кај категориите од 15-19 години и од 30-34 години. Младите во Република Македонија во 2013 година и 2014 година се соочуваа со тежок премин од образованието кон пазарот на трудот, поради ниската активност на младите лица, која произлегува од учеството во образовниот систем.

Табела 13. Стапка на вработеноста на лица на возраст од 20 до 64 години за период 2013-2015 година

| | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|
| Република Македонија | 50.3 | 51.3 | 51.9 |
| ЕУ 28 | 68.4 | 69.2 | 70.1 |

* Извор: Државен завод за статистика (2016), Анкета за работна сила

Стапката на вработеност на лицата на возраст од 20 до 64 години, во 2015 година, изнесува 51.9%, што е зголемување од 2.9% во однос на 2013 и 2014 година, сепак се бележи низок процент на вработеност во споредба со земјите од Европската унија, каде што е 70.1%.

Долгорочната невработеност е сериозен проблем во Република Македонија и во периодот на транзицијата процентот на стапката на долгорочна невработеност во вкупната стапка на невработеност е околу 80% кој е далеку од просекот на Централна и Источна Европа од 55% и на ЕУ од 40%. Стапката на долгорочна невработеност го прикажува учеството на лицата што биле невработени 12 месеци и повеќе во однос на вкупниот број активни лица на пазарот на трудот.

Табела 14. Вкупна стапка на долгорочна невработеност за период од 2013-2015 година

| | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|
| Република Македонија | 23.9 % | 23.4 % | 21.3 % |
| ЕУ 28 | 5.1 % | 5.0 % | 4.5 % |

*Извор: Државен завод за статистика (2016), Анкета за работна сила

Во изминатите години се забележува тренд на намалување на долгорочната стапка на невработеност. Стапката на долгорочна невработеност според табела 14 во 2013 година изнесува 23.9%, а во 2015 година изнесува 21.3%, каде има пад во однос на минатите години. Република Македонија сè уште е значително над просекот на земјите на ЕУ-28.[175]

Трендовите во долгорочната невработеност се следат затоа што претставуваат ризик за целата економија и за сиромаштијата. Долгорочната невработеност е клучен показател на социјалната исклученост. Во изминатите години се забележува тренд на намалување на долгорочната стапка на невработеност.

Податоците покажуваат дека проблемот со невработеноста во Република Македонија е главно проблем со сите негативни ефекти: уништување на човечки капитал, обесхрабрување, демотивирање и сл. Лицата кои се со долгорочна невработеност се сметаат за целни групи на политиките за вработување на пазарот на трудот.

[175]Државен завод за статистика. *Одржлив развој, 2016.* Скопје, 2016: стр. 83

Може да заклучиме дека се повеќе се зголемуваат лицата со завршено вишо или високо образование, сето ова е поради влијанието на самата политика за развој на високото образование во Република Македонија, односно со воведувањето на дисперзирани студии, ново отворени универзитети, намалување на партиципацијата за студирање и медиумските кампањи. Од друга страна на сметка на тоа се помал е бројот на лицата кои завршуваат средно стручно образование, а пазарот на труд се повеќе има потреба од овој профил. Според анализата на потребни вештини на пазарот на труд на АВРМ, најголема побарувачка има во трговија на мало и големо, градежништво, транспорт, кај кои потребата за вработување во најголем процент е за лица со завршено средно стручно образование. Доколку овој тренд на зголемување на високообразовен кадар наспроти потребите на бизнис секторот и понатаму расте, стапката на вработеност на лица со високо образование постепено ќе опаѓа. Настанува јаз помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на трудот. Ова води кон една нова проблематика со која се и ќе се соочува Република Македонија - Одлив на високо образован кадар.

Според претходно наведеното можеме да се заклучиме дека факторот квалитет на образование не влијае на стапката на вработеност, како што влијае ниското ниво на економски раст и долгорочната невработеност.

Во делот на социјалната политика и вработувањето, во Извештајот за напредок на Република Македонија од Европската комисија, во 2013 се наведува дека има напредок, иако има висока невработеност. Се констатира дека еден од најголемите предизвици се уште претставуваат долгорочната невработеност, високата невработеност кај младите лица, малото учество на жените на пазарот на трудот и високото ниво на неформално вработување.

Покрај високата невработеност особено во делот кај младите и долгорочната невработеност, каде има длабоки структурни пречки на пазарот на трудот кои треба да бидат совладани, се наведува дека има сериозни тешкотии во пазарот на трудот, односно висока невработеност, но макроекономската стабилност се одржува. Исто така се констатира дека јавниот сектор е најголемиот работодавач. Во Извештајот се потенцира дека нема намалување во однос на вработувањата во сивата економија и соработката и координацијата помеѓу органите за спроведување е слаба.

Комисијата во Извештајот за 2014 година наведува дека институциите остануваат посветени на политиките за раст и подобрување на вработувањето, со фокус на странските инвестиции и развојот на домашниот приватен сектор. Се

забележува мало подобрување и напредок во однос на вработеноста, но невработеноста се уште е на високо ниво, особено меѓу младите лица, поради тоа се донесени мерки за справување со невработеноста на младите како дел од политиката за вработување во земјата. Има и подобрување во борбата против сивата економија каде се направени одредени чекори со цел да се намали нивото на непријавена работа.

Нивото на образование и обука на работната сила според Извештајот не одговара на потребите на економијата, но има подобрувања во однос на образованието каде се намалува бројот на деца кои предвреме го напуштаат училиштето и стапката на запишување во претшколско образование расте.

Констатирано е дека Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2014-2018 година има за цел да се зголеми економскиот раст, државата да има интеграција во ЕУ и НАТО, да има континуирана борба против корупцијата и економскиот криминал, да одржува добри меѓуетнички односи засновани врз Охридскиот рамковен договор и да има инвестиции во образованието и науката.

Според Извештајот на Европската комисија од 2015 година се наведува дека земјата е делумно подготвена во областа на социјалната политика и вработувањето, но се уште има високи стапки на невработеност, во делот на младите и долгорочната невработеност, како и многу ниските стапки на учество на жените во пазарот на трудот. Јавниот сектор останува главниот работодавач. Преземени се мерките за борба против сиромаштијата која се уште е на високо ниво меѓу Ромите.

Постои намалување на бројот на лица со завршено само средно образование, а запишувањето на деца во предучилишно образование е зголемено во изминатите три години, но загрижувачки е фактот дека една четвртина од дипломираните студенти се невработени, бидејќи најмногу работни места се концентрирани во ниско продуктивни сектори.

Според Извештајот на Европската комисија од 2016 година[176], во кој е опфатена анализа на состојбата во сите сегменти за периодот октомври 2015 до септември 2016 година се констатира непроменета состојба со нивото на невработеноста, кое е високо, како и непроменета состојба на сивата економија, која се уште зазема голем простор од економските активности во државата.

[176] http://www.pravdiko.mk/kluchni-tochki-vo-izveshtajot-na-ek-za-makedonija-za-2016-godina/

## 4.2 Перспективи и препораки за концептот за човекова безбедност во Република Македонија

Во претходниот период ЕУ направи големи чекори во остварување на целта, да има значајна улога во глобалната безбедност и да стане битен фактор и во изградбата на светот исполнет со мир. Сведоци сме на менувањето на светот, под влијание на глобализацијата, отворање на националните граници, поедноставно движење на стоки и луѓе, но сиромаштијата е се уште еден од големите ненадминати проблеми. Како резултат на тоа животниот век на луѓето сега е подолг, но не секогаш е на ниво над прагот на сиромаштија. Остварувањето на високи стапки на порастот на БДП, зголемувањето на вработеноста и на животниот стандард се основни претпоставки за намалување на сиромаштијата и за социјална интеграција. Со зголемувањето на вработеноста и на благосостојбата на населението ќе се елиминираат економските причини за сиромаштијата и фрагментацијата.

Препораките во однос на концептот за човекова безбедност во Република Македонија покажува дека не е можно да се одвојат општествените процеси од економската ситуација, еколошката ситуација од здравјето на луѓето и состојбата на институциите. Економската неразвиеност, невработеноста, сивата економија, корупцијата се безбедносни проблеми кои се дел од општествените процеси. Тоа значи дека стопанството на Република Македонија во наредниот период има потреба од високи стапки на годишен растеж на БДП, но и организирано институционално делување во сите сфери.

Во најновиот извештај за човековиот развој во Република Македонија во период од 2013 година до 2015 година како негативност се потенцирани немањето слобода во работењето на медиумите и судскиот систем, кои се под влијание на политиката.

### 4.2.1 Препораки за сиромаштијата која влијае за човекова безбедност во Република Македонија

Доколку зборуваме за јавните политики насочени кон справување со сиромаштијата, може да се констатира дека системот и моменталните политики не се соодветни. Како почетна точка земаме дека зголемениот раст не значи и рамномерно намалување на сиромаштијата, односно искуствата говорат дека земјите кои доживуваат економски раст, како што тоа е случај со Република Македонија во моментов, може да не ја намалуваат сиромаштијата. Додека растот типично ги зголемува просечните приходи, оние кои се на дното во распределбата на приходите може воопшто да не ги почувствуваат бенефициите. Гледано во поширока смисла, растот сам по себе може дури и да доведе до нерамноправна распределба, која ќе резултира со зголемена концентрација на капитал на врвот на економската скала.

Во борбата за намалување на сиромаштијата и промовирање на инклузивно општество, Европската мрежа против сиромаштија (EAPN)[177] води кампања за воведување на мерката Адекватен минимален приход под мотото „Адекватен минимален приход. Секој заслужува достоинствен живот". Минималниот приход е предуслов за вклучување на пазарот на труд и алатка од витално значење против депривацијата во криза. Македонската платформа против сиромаштија како членка на ЕАПН воведе мерка, под името „Минимален достоинствен приход" или скратено МДП.[178]

Минимален достоинствен приход е исплата од страна на државата, за луѓето кои не можат да работат или немаат пристап до пристојна работа. Ова придонесува за благосостојба и достоинствен живот, претставува клучен инструмент во спречувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост, сè додека средствата се доволни за да ги извлечат луѓето од сиромаштија.

Предлог мерките и програмите за намалување на сиромаштијата се изработени дури во 2010 година. Токму она намалување на линијата на сиромаштија според Лаекен индикатор во последните пет години се совпаѓа со периодот на спроведување на оваа стратегија за намалување на сиромаштијата. Предлог мерките во оваа стратегија ставаат акцент на условите и на квалитетот на живеење, подобрување на

[177] The European Anti-Poverty Network. http://www.eapn.eu/en

[178] http://www.mpps.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=202&Itemid=161

здравствената заштита, зголемување на писменоста и образованието на најранливите и обесправени категории на граѓани. Исто така покрај намалување на сиромаштијата, во Стратегијата се предлагаат мерки за зголемување на социјалната вклученост.

### 4.2.2 Препораки за невработеноста која влијае врз човекова безбедност во Република Македонија

Врз основа на податоците, во Република Македонија има висока стапка на невработеност, во споредба со европскиот просек, со тенденција на намалување. Од страна на државата се предвидуваат активни мерки за намалување на невработеноста. Проблеми кои можат да се појават доколку не се преземат мерки се социјални тензии, растечка нееднаквост и расчекор во приходите, како и корупција и криминални активности. Во контекст на интеграцијата во ЕУ, како и имајќи ги предвид регионалните конфликти и природните непогоди, Република Македонија во однос на ова прашање има многу предизвици со кои треба да се соочи и активности што треба да ги преземе. Со комбинирање на веќе постоечките активности со одредени нови мерки, Република Македонија работи на контрола на проблемот на невработеноста, сиромаштијата и нееднаквоста.

Постојат начини да се намали невработеноста особено кај неквалификуваните или пак кај лицата со посебни потреби. За овие ранливи категории граѓани, државата преку надлежните министерства организира разни курсеви и обука за работа и се презема дел од трошоците за нивно вработување во приватниот сектор, односно работодавците се ослободуваат од давачки за пензиско и здравствено осигурување. Со овие погодности во последниве години се намали невработеноста кај таргетирани и ранливи општествени групи. Треба да се напомене дека се забележани злоупотреби од страна на работодавците, каде државата треба да ја зголеми својата контролна улога, со цел да се постигнат долгорочните ефекти од мерките.

Како и да е невработеноста е голем социјален проблем што не може да се елиминира целосно, но барем можат да се ублажат последиците. Затоа големо внимание треба да се посвети на образованието и стекнувањето квалификации. Познавањето на англиски јазик и работење со компјутери се основните предуслови за конкурирање за работа затоа што многу дејности се компјутеризирани.

Макроекономската политика во Република Македонија е насочена кон задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на трајна основа, зголемување на вработеноста и социјална заштита на најранливи категории, преку понатамошно подобрување на деловното окружување и креирање еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси, даночна и царинска политика во функција на поддршка на развојот на економските субјекти, поттикнување на инвестициските активности за привлекување на странски директни инвестиции (СДИ) како и развој на човечкиот капитал и економската инфраструктура на земјата.[179]

Во насока на намалување на стапката на невработеност Република Македонија има активни програми за советување за вработување, обука, поттикнување на отпочнување на нови бизниси, прави промени во македонската економија, спроведува соодветни социјални политики, соодветна дистрибуција на приходите и ресурсите и работи на реформи во образованието.

Република Македонија има направено значителен напредок во социјалните и економски реформи, да се етаблира како горна земја со среден приход. За да се одржи на овие достигнувања, потребни се дополнителни напори во широк спектар на области за да се обезбеди континуиран економски раст, социјална кохезија и одржливиот развој.

Република Македонија брои население над два милиони жители, процентот на сиромаштија е 27.5%, над една четвртина од населението е под линијата на сиромаштија, стапката на невработеност е 26.1%. Со преземените мерки се намали процентот на населението кое живее под границата на сиромаштијата на 9.5% до 2015 година.

Во 1991- та година по мирен пат Република Македонија се оддели од СФРЈ, во 1993 година стана членка на ОН и меѓународните институции кои имаа клучна улога во економските реформи, либерализација и трансформација на системот кон пазарна економија. Во 2001 - та година имаше внатрешен конфликт кој заврши со меѓународно посредуваниот Охридски рамковен договор, со кој се гарантираа поголеми права на помалите етнички заедници и спроведување на децентрализација која ја донесе локалната самоуправа поблиску до граѓаните. Во декември 2005 - та година како

---

[179]Претпристапна економска програма 2013-2015:Макроекономски движења, јавни финансии и структурни реформи на Министерството за финансии на Република Македонија, Скопје, јануари 2013 година

резултат на спроведените реформи Европскиот совет и додели статус на земја - кандидат за влез во ЕУ и НАТО. Во 2009 - та година Европската комисија даде препорака до Советот на ЕУ да се отпочнат преговори за членство на Република Македонија, од тогаш па се до денес дадени се неколку препораки, но без утврден датум.

Системот на социјална заштита во Република Македонија е многу сличен со системот на социјална заштита во другите земји - членки на OECD (Организација за економска координација и развој). Системот се состои од два дела: социјално осигурување и парична помош. Но, во споредба со нив Република Македонија има понизок приход по глава на жител и многу поголем неформален сектор, многу поголема невработеност и многу ниска стапка на вработеност. Во согласност со Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија од 2010-2020 година, како најсиромашни групи се зема старото население (над 62 години за жени и 64 за мажи), лицата кои злоупотребуваат droги, лицата со инвалидност, Роми, децата на улица, бездомници, жртви на семејно насилство, невработени и лица кои бараат азил. Овие групи не се во позиција, ниту пак имаат капацитет да партиципираат во политичкиот, економскиот, културниот и социјалниот живот.

Од страна на Владата на Република Македонија се утврдуваат низа мерки и се преземаат одредени активности со цел економски раст на државата, отварање на нови работни места, подобрување на животниот стандард, кои дирекно треба да влијаат на подобрување и препознавање на концептот за човекова безбедност и човековиот развој.

Владата на Република Македонија работи на Националните програми и бенефиции во рамките на системот за социјална заштита на сиромашните и ранливите групи. Дел од оперативните мерки и активности се следниве: Програма за самовработување; Финансиска поддршка на правни субјекти за отворање на нови работни места; Програма за подготовка за вработување; Обука кај познат работодавач; Обука кај познат работодавач со субвенционирано вработување и други.

1. Програмата за самовработување има за цел поттикнување на побарувачката на пазарот на труд со самовработување т.е. преку започнување на сопствени бизниси. Истата се реализира преку обука на заинтересирани невработени лица за осознавање на

претприемништво, изготвување на солидни и одржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и финансиска поддршка за започнување на бизнисот.

2. Финансиската програма се реализира преку обезбедување на неповратни средства во вид на материјали и/или опрема во висина од 92.000,00 мкд за отворање на нови работни места во мали и средни претпријатија и кај занаетчии.

3. Програмата за субвенционирање на вработувањето е наменета за евидентирани невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на труд и инвалидните лица и истата се реализира преку обезбедување на финансиска поддршка (субвенција) за секое вработено лице од наведените категории во висина од 13.000,00 мкд месечна бруто плата во период од 6 месеци.

4. Пилот програмата се реализира со доделување на државно земјоделско земјиште на плодоуживање на лица кои се корисници на социјална помош и се евидентирани како невработени лица. Корисниците ќе бидат евидентирани како индивидуални земјоделци на кои земјоделието им е основна дејност и покрај исплата на паричен надоместок во висина на социјалната парична помош ќе им се обезбеди и социјално осигурување.

5. Програмата за практикантство е наменета за млади невработени лица до 27 години со завршено најмалку средно образование. Програмата е со траење од 3 месеци, а предвидено е исплаќање по 5.000,00 мкд бруто плата за лице месечно. Покрај оваа програма, постои и програма за практиканство без надомест, која е наменета за невработени лица до 33 годишна возраст заради стекнување практични знаења и вештини.

6. Програма за подготовка за вработување се реализира преку следните мерки:

- Обука кај познат работодавач
- Обука за напредни ИТ вештини
- Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот
- Едукација за започнување на бизнис

7. Анкета за слободни работни места има за цел да обезбеди информации за потребите од работна сила на пазарот. Невработени лица со средно и високо образование во период од 6 месеци ќе бидат ангажирани за телефонско анкетирање на работодавачи за нивните потреби од работна сила преку - мини кол - центар.

8. Пилот програмата има за цел подобрување на вештините и знаењата на невработените лица кои ќе доведат до одржливи вработувања. Програмата ќе се реализира во две фази:

- обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот
- преку дополнителна поддршка за започнување на сопствен бизнис

9. Програмата ги опфаќа невработените лица од ранливите групи (жртви на семејно насилство, деца без родители и родителска грижа, бездомни лица, поранешни корисници на дрога, родители на деца на улица, самохрани родители) преку нивно ангажирање во сферата на социјална заштита за потребите на граѓаните од локалната заедница.

10. Програмата за организирање на јавни работи се организира во општини со висок процент на невработени лица, а ќе вклучува долгорочно евидентирани невработени лица, ниско квалификувани невработени лица и повозрасни лица над 55 години за период не подолг од 6 месеци.

Оттука, може да се констатира дека официјалната државна политика се потпира на неколку постулати:

- образованието и знаењето како основа за надминување на ограничувањата поврзани со ниската продуктивност на трудот (задолжително основно и средно образование, реновирани и нови училишта, дисперзирани студии и сл.)
- квалитетно здравство (реновирани и нови болници, нова опрема, проширување на знаењата на медицинскиот персонал и др.)
- зголемување на стапката на вработеност (поддршка од страна на државата преку различни проекти за самовработување, поттикнување на стопанските субјекти за нови вработувања преку даночни олеснувања, создавање услови за странски директни инвестиции во Македонија и слично).

За разлика од активните, пасивните политики предвидени во владините програми имаат за цел да ги неутрализираат негативните ефекти од губењето на работа, односно да обезбедат финансиска поддршка во периодот на невработеност. Во пракса пасивната политика спроведува мерки во областа на социјалната заштита, кои од економска гледна точка се неефикасни, поради фактот што не обезбедуваат поврат на инвестираните средства и не влијаат на економскиот раст.

Кога станува збор за пасивните политики за вработување, главниот вид кој се спроведува во Република Македонија е паричен надоместок во случај на невработеност.

Согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, право на користење на паричен надоместок имаат невработени лица кои биле во работен однос најмалку девет месеци непрекинато или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци[180], а на кои работниот однос им престанал без нивна вина или волја (по основ на стечај, од деловни причини - технолошки, економски, организациони и слични промени) или ако биле во работен однос на определено време (сезонски работи). Висината на месечниот паричен надоместок се утврдува врз основа на пресметаните и исплатени плати кај работодавачот согласно со закон, колективен договор и договор за вработување и изнесува 50% од просечната месечна нето плата на работникот за последните 24 месеца и истиот се усогласува со порастот на трошоците за живот, објавени од Државниот завод за статистика.[181] Временскиот период за кое се исплатува паричен надомест зависи од времето за кое невработеното лице било осигурено односно исплатата може да биде од 1 – 12 месеци.

Покрај наведената пасивна мерка во Република Македонија се применува и социјална парична помош за домаќинства кои живеат под прагот на сиромаштијата.

Клучен приоритет се создавањето на нови работни места како подршка за решавање на растечката нееднаквост и социјалното вклучување на најранливите категории на население.

Тенденцијата на макроекономската политика на Република Македонија е раст на бруто домашниот производ, намалување на стапката на инфлација и намалување на стапката на невработеност.

Потребата за мерење на степенот на сиромаштија во една земја е да се задржат сиромашните на агендата, да се таргетираат државните интервенции, да се врши мониторинг и евалуација на проектите и политиките на државната интервенција насочени кон сиромашните и да се врши евалуација на институциите чија цел е да им помогнат на сиромашните.

[180]Чл. 65 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Сл. весник на Р.Македонија бр. 153/12
[181]Чл. 68 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Сл. весник на Р.Македонија бр. 153/12

Современите држави ја обезбедуваат безбедноста на индивидуите преку активностите на националните безбедносни системи. Системот одржува мир и гарантира слобода, спречува опасност и страв, обезбедува општествен развој и благосостојба на целокупното население.

## Заклучок

1. Распаѓањето на комунистичкиот блок во последната деценија на 20-тиот век донесе измени во глобалната реалност. Промените извршија влијание во создавањето на нова глобална безбедносна средина, за која може да се наведе дека се карактеризираше со појава на голем број на нестабилни држави, етнички конфликти и меѓународен тероризам. Сето ова предизвика потреба од создавање на нов концепт на безбедносна политика, чиј основен фокус нема да биде безбедноста на границите и територијалниот интегритет на државите, туку индивидуата, основните човекови права и потреби и човековите вредности. Концептот за човекова безбедност во својата основа ги опфаќа заканите кои ги загрозуваат егзистенцијалните потреби на луѓето. Поради таквата специфичност овој концепт има интердисциплинарен и сеопфатен пристап на проучување на сите закани кои го загрозуваат поединецот во современото општество, а кои излегуваат од рамката на загрозување на физичкиот опстанок.

2. Во теоријата и праксата нема унифицирана дефиниција на концептот за човековата безбедност. Сепак, одредени елементи се заеднички именител на сите дефиниции. Концептот се однесува на заштита на индивидуалниот човечки живот и неговите основни вредности и заштита на луѓето од директно и индиректно насилство. Самиот концепт промовира економски развој, добро владеење и владеење на правото, ослободеност од страв и недостаток.

3. За да се интегрира концептот за човекова безбедност во националната политика, истиот треба да биде доволно познат и јасен како за државните институции, така и за поединците. Најпрво треба да се создаде свест дека почитувањето на фундаменталните човекови права, социјалната правда и еднаквоста се дел од нивната лична безбедност и треба да инсистираат на нивно бескомпромисно почитување и заштита од страна на државните институции, но и почитување од страна на другите поединци. Имплементираниот концепт за човекова безбедност во политиката на државата значи капацитет на институциите навремено да ги идентификуваат, анализираат и да се справат со сите закани и ризици со кои се соочуваат луѓето.

4. Имплементацијата и промоцијата на концептот за човекова безбедност во пострaнзициските и постконфликтни држави, како Република Македонија, претставува посебен предизвик, бидејќи државата најпрво треба да создаде механизми и да обезбеди гаранција дека по ниту една основа физичкиот опстанок на луѓето нема да биде загрозен, а потоа да се изгради стратегија, на институционално ниво за одржлив економски развој и да создаде механизам за заштита на основните човекови права. Во овој контекст концептот за човекова безбедност се однесува на можноста сите граѓани да живеат во мир и безбедност во државата, можност луѓето без дискриминација да ги уживаат сите права и да ги исполнуваат своите обврски, и еднаков пристап и инклузија во политичките, социјалните и други општествени процеси.

5. Според Извештајот за човековиот развој за 2015 година, на Програмата за развој на Обединетите нации Република Македонија во последните две децении има постигнат напредок во социјалните и економски реформи и се наоѓа на 81 место од 188 земји, во категоријата на земји со висок индекс на човеков развој. Да се одржи континуиран економски раст, социјална кохезија и одржлив развој потребен е ситематизиран институционализиран пристап и активни долгорочни мерки во голем број на области. Тука спаѓаат, намалување на сиромаштијата, инвестирање во квалитетно образование и здравство, отворен и достапен пазар за производителите, претприемачите и потрошувачите, отвореност и инклузивност на пазарот на трудот, можности за различни облици на учество на маргинализираните и малцински групи во економијата, мерки за справување со сивата економија и корупцијата.

6. Концептите на човековата безбедност и човековиот развој се различни, но меѓусебно поврзани и зависни. Човековиот развој е тесно поврзан со квалитетот на животот кој се однесува на благосостојбата на луѓето кој претставува процес на проширување на човековиот избор во поглед на можностите да води долг и здрав живот, да биде добро образован и да има пристоен животен стандард, а човековата безбедност го обезбедува непреченото користење на тие можности. Човековата безбедност придонесува за постигање на развој, а без развој безбедноста не е можна.

7. Социјалната димензија на економскиот раст се препознава во обезбедувањето економски ресурси што ќе овозможат намалување на сиромаштијата, инвестирање во квалитетно образование и здравствена заштита. Само инклузивен економски раст може да влијае врз намалување на стапката на сиромаштијата и на стапката на невработеност.

8. Сиромаштијата е мултидимензионален проблем, а соочувањето со него е долгорочен процес за кој е потребно учество од сите актери во процесите на препознавање на проблемите и нивно решавање. За ефикасно справување со сиромаштијата потребни се системски долгорочни мултидимензионални мерки. Намалувањето на сиромаштијата е основа за остварување на фундаменталните човекови права. Според концептот на човековиот развој, сиромаштијата претставува недостаток на можности за човеков развој.

9. Она што може да се констатира од истражувањето направено во магистерскиот труд е дека во Република Македонија постои висок степен на сиромаштија, кој се должи на долгиот транзициски период, нерамномерната распределба на доходот и отсуството на долгорочни стратегии, политики и мерки за справување со сиромаштијата. Првата национална стратегија за намалување на сиромаштијата е донесена во 2010 година, во која се предвидени најразлични мерки за справување со сиромаштијата. Национална цел на Република Македонија е населението што живее под линијата на сиромаштија да се намали на 21,5 проценти до 2020 година. Оттука највашен аспект во борбата против сиромаштијата е заедничкото делување на институциите, истовремено поддржано со економски раст и развој.

10. Во анализираниот период од 2013 година до 2015 година се констатира тренд на зголемување на социјалните трансфери. Овие трансфери ја ублажуваат и намалуваат сиромаштијата на краток рок, но тоа се пасивни мерки, кои ги прават луѓето зависни од нив и ги демотивираат. За да се постигне структурно намалување на сиромаштијата потребни се проактивни и долгорочни мерки, кои место фокус кон надминување на тековниот недостиг на финансиски средства, ќе поттикне само одржливост на доходот на населението. Тука спаѓаат мерки

кои се содржани во националната стратегија за намалување на сиромаштијата, а некои и веќе се применуваат како што се доквалификација и преквалификација на сиромашните, како и мерки за директно вработување и за поттикнување на можноста за самовработување. Овие мерки покрај структурно решавање на сиромаштијата, ќе се одразат позитивно и врз економскиот раст.

11. Република Македонија спаѓа во земјите со највисоки стапки на невработеност во Европа, што е резултат на многу фактори и околности меѓу кои се: погрешните политики, погрешното реализирање на процесот на транзиција, политичката и безбедносната нестабилност. Високата стапка на невработеност е показател дека на една голема група на луѓе им е оневозможено учеството во економијата. Внимание мора да се посвети и на тоа да се намали раслојувањето и да се обезбеди социјална интеграција преку заштитата на вработените лица.

12. Главната претпоставка за решавање на проблемот на невработеноста е усогласеност на макроекономската и микроекономската политика, политиката на вработување и социјалната политика. Креаторите на економската политика имаат одговорност да придонесат во создавање на деловна и инвестициска клима, која ќе ги интензивира економските активности и ќе ги зголеми странските и домашните инвестиции, што е предуслов за постигнување на подинамичен економски развој во Република Македонија, а во тој контекст и креирање на нови работни места и поттикнување на вработувањето.

13. Корупцијата е еден од најголемите предизвици за кои нужно треба организирана институционализирана, но и индивидуализирана борба за да може да заживее концептот на човекова безбедност во Република Македонија. Истовремено еден од условите за членство во Европската унија е создавање на ефикасен систем за справување со корупцијата, како еден од најраспространетите форми на криминал навлезен во сите сегменти на општеството. Оттука и дополнителната потреба од сериозен пристап за справување со овој предизвик, односно за создавање на систем за ефикасно откривање, спречување и сузбивање на корупцијата.

## Користена литература


1. A more Secure World: Our shered responsibility- Report of the high level panel on Threats, Challenges and Changes, United Nations, New York, 2004
2. Arvo Kuddo, Employment Services and Active Labor Market Programs In Eastern European and Central Asian Countries, 2009
3. A Secure Europe in a Better World, European Security Strategy, Brussels, 2003
4. Amouyel, A.: What is Human Security?, Revue de securite Humaine/Human Securite Journal-Issue 1-April 2006
5. Bellamy, Alex J. McDonald M.:The Utility of Human Security :Which Humans? What Security. A replay to Thomas and Tow: in Security Dialogue, September,2002
6. Biscop, S.: The European Security Strategy Implementing a Distinctive Approach to Security, Royal Defence College (IRSD-KHID), Brussels In:'Securite&Strategie', Paper no.82, March 2004
7. Blaikie, P.: Cannon T.,Davis I., Wisner B.At Risk, Natural hazards, People's Vulnerability and Disasters, Routledge, London, New York,1994
8. Bogardi, J.: Hazards, risks and vulnerabilities ina changing environment: The unexpected onslaught on human security?, in Global Enviromenatal change,2004
9. Bredow von W.: The Barcelona Report on a Human Security Doctrine for Europe, BerlinSymposium on Human Security and EU-Canada Relations Canadian Universities Centre Berlin, March 3, 2005
10. Buzan, B.: People,States and Fear: An Agenda for International Security studies in Post-Cold War era, 2-nd ed, Boulder,CO: Lynne Rienner Pub., 1991
11. Buzan, B. Waever, O. and de Wilde, J. Security - A New Framework for Analysis, Colorado: Lynne Rinner Publishers, Inc., Boulder, 1998
12. Chauvet, L and Collier, P.: Development Effectiveness in Fragile States: Spillovers and Turnarounds, Centre for the Study of African Economies, Department of Economics,Oxford University, 2004
13. Collier, P and et.: Breaking the Conflict Trap: Civil War and Development Policy, The World Bank, Washington D.C., 2003
14. Commision on Human Security, Human Security Now: Final Report of the Commision on Human Security,presented to UN Secretary General Kofi Annan on May 1, 2003

15. Dollar, D. Kraay, A.: Trade, Growth, and Poverty, Finance and Development, International Monetary Fund, September, 2011, Volume 38, Number 3
16. Donella H. Meadows Dennis L. Meadows Jtsrgen Randers William W. Behrens III. A REPORT FOR THE CLUB OF ROME'S PROJECT ON THE PREDICAMENT OF MANKIND. New York: Universe Books, 1972
17. Employment and Training Department- International Labour Office, The evaluation of active labour market measures for the long-term unemployed, Geneva
18. European Way of Security, The Madrid Report of the Human Security Study Group comprising a Proposal and Background Report
19. Francis, Fukuyama. The End of History and the Last Man. New York: The Free Press, 1992
20. Gjorgjevik, I. Lj.: Ljudska bezbednost: globalni kontekst - primena u Srbiji, Institut za uporedno pravo, Dosije studio, Beograd, 2013
21. Henk, D.: Human Security:Relevance and Implications
22. Human Security Doctrine for Europe, The Barcelona Report of the Study Group on Europe's Security Capabilities,Presented to EU High Representative for Common Foreign and Security Ploicy Javier Solana, Barcelona, 15 September 2004
23. Lazarsfeld, M.R., Zeisel, H.: Die Arbeitslosen von Marienthal. Ein soziographischer Versuch über die Wirkungen langandauernder Arbeitslosigkeit.Leipzig:Hirzel, 1993
24. Mohan, R.J.:, International Business, Oxford University Press, New Delhi and New York, 2009
25. Kaldor, M.: Martin M.,Selchow S., Human Security:A European Strategic Narrative
26. Kaldor, M.: New and Old Wars: Organized Violence in a Global Era, Cambridge:Polity, 1999
27. Kaldor, M.: Paper on Human Security for EUISS meeting
28. Kanti, B.: Human Security:Concept and Measurement, Institute for international peace studies, august, 2000
29. Kofi, A.: In larger freedom: towards development, security and human rights for all, UN, New York , 2005
30. Kofi, A.: Interim report of the security General on the prevention of armed conflict (Report of Secretary General of the World of the Organization A/58/365-S/2003/888), September, 2003

31. Kofi, A.: Millenium Report:We the people. The role of the United Nations in the 21th centary, United Nations, New York, 2000
32. Lincoln, C. Chen: „Human Security: Concepts and Approaches" in T. Matsumae and L.C. Chen, eds., Common Security in Asia: New Concepts of Human Security (Tokyo: Tokai University Press, 1995); United Nations Development Program (UNDP), New Dimensions of Human Security (New York: Oxford University Press, 1994); A. Florini and P. J. Simmons, The New Security Thinking: A Review of the North American Literature (New York: Carnegie Endowment for International Peace, 1998)
33. Lisa Chauvet and Paul Collier, Development Effectiveness in Fragile States: Spillovers and Turnarounds, Centre for the Study of African Economies, Department of Economics, Oxford University, 2004
34. Liotta P.H., Owen Taylor, Sense and Symbolism Europe Takes On Human Security,2006
35. Ljudska Bezbednost , No III/2,FCD,Beograd,2005
36. Ljudska Bezbednost , No IV/1,FCD,Beograd,2006
37. Ljudska Bezbednost , No IV/2,FCD,Beograd,2006
38. Ljudska Bezbednost , No VII/1,FCD,Beograd,2009
39. Ljudska Bezbednost , No VII/2,FSS,Beograd,2009
40. Martin, M.: Secure learning:the role of training in embedding a Human Security doctrine for Europe, Case Study for the Madrid Report of the Human Security Study Group,The Centre for The Study of Global Governance
41. Collier P. and et., Breaking the Conflict Trap: Civil War and Development Policy, The World Bank, Washington D.C., 2003
42. Saveska S., Brown R., „Unemployment in the Republic of Macedonia: Policy options for employment growth", 7th NISPAcee Annual Conference „Improving Relations between the Administration and the Public", Bulgaria, 1999
43. Sen K.A: Inequality, Unemployment and Contemporary Europe, International Labour Review, 1997, Volume 136, number 2
44. Simic, D.: Pozitivan mir: shvatanja Johana Galtunga, Akademija Nova, Arhiv Kljakic, Beograd, 1993
45. Stojanoska, B.: Corruption in Macedonia: Fighting a Battle with Inadequate Weapons. Skopje: Evrodijalog no.15, 2012

46. Takasu, Y.: Toward Effective Cross-Sectorial Partnership to Ensure Human Security in a Globalized World, Statement by Mr.Yukio Takasu, Director-General of Multilateral Cooperation Department, at the Third Intellectual Dialogue on Building Asias Tomorrow, Bangok, June, 2000
47. UNDP, World Vulnerability Report of the UNDP, Oxford University Press, New York, 2003
48. UNESCO, Promoting Human Security: Ethical, Normative and Educational Fameworks in Western Europe
49. United Nations Development Programme (UNDP) Human Development Report 1994 New York, OUP,1994
50. United Nations, A more Secure World: Our shered responsibility- Report of the high level panel on Threats, Challenges and Changes, New York, 2004
51. Алкок, П.: Разбирање на сиромаштијата, Магор, Скопје, 2008
52. Ванковска, Б.: Национална и/или хумана безбедност, Перспективите на Република Македонија на патот кон НАТО и Европската Унија, Министерство за одбрана на Република Македонија, 2006
53. Ванковска, Б.: Политички систем, Бомат, Скопје, 2007
54. Ванковска, Б.: Меѓународна безбедност – критички пристап, Филозофски факултет, Скопје, 2011
55. Галтунг, Ј.: Трансформација на конфликти со мировни средства (трансценд метод), Балкански центар за мир, Скопје, 2000
56. Гацов, П., Гоцков, Ѓ., Петревски, Г., Поповски, Н., Тевдовски, Д., Узунов, В., и Филиповски, В., Реформи за праведно оданочување, Фондација Фридрих Еберт Канцеларија, Скопје, 2016
57. Георгиева, Л.: Превенција на конфликти: Од идеја кон култура за превенција на конфликти во Македонија, Скопје, 2004
58. Георгиева, Л.: Творење на мирот, Виладорф 2004, Скопје, 2004
59. Георгиева, Л.: Менаџирање на ризици, Филозофски факултет, Скопје, 2006
60. Георгиева, Л.: Творење на мирот, Филозофски факултет, Скопје, 2007
61. Георгиева, Л.: Партнери во мир и превенција Регионална стабилност преку човекова безбедност,Фондација Фридрих Еберт,Канцеларија Скопје, 2008
62. Гоцевски, Т. Ортаковки, В. Георгиева, Л. Разрешување и трансформација на конфликтите, Македонска ризница, Куманово, 1999

63. Гоцевски, Т.: Економскиот развој и мирот, Филозофски факултет, Скопје, 2011
64. Ефтимоски, Д.: Економија на развојот, Економски институт-Скопје, Скопје, 2003
65. Ефтимоски, Д.: Економски раст, Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, Битола, 2009
66. Лако, М.:Скриена економија – непознатиот квантитет? Компаративна анализа на скриените економии во земјите во транзиција во периодот 1989/1995, 2000
67. Листер, Р.: Сиромаштија, Академски печат, Скопје, 2009
68. Маршал, Г.: Оксфордски речник по социологија, МИ – АН, Скопје, 2004
69. Митревска, М.: Градење на мирот и човековата безбедност во постконфликтна Македонија, Проект: Превенција на конфликти, ФЕС, Скопје, 2004
70. Митревска, М.: Хумана безбедност (одделен отпечаток), Годишен зборник на Филозофски Факултет Универзитет Св, Кирил и Методиј, Скопје, 2004
71. Митревска, М.: Современа македонска одбрана, Хумана Безбедност: идеја за безбедност на поединецот во општеството, Министерство за одбрана, Скопје, јуни 2007, бр. 15
72. Митревска, М. Гризолд, А. Бучковски, В. Св.Џон. В.Е: Превенција и менаџирање на конфликти: случај на Македонија, Бомат графикс - Скопје, 2009
73. Митревска М.: Хумана безбедност (Човекова безбедност), Филозофски факултет, Скопје, 2012
74. Шкариќ-Мурџева , О.: Ненасилна трансформација на конфликти во Теории за мирот и конфликтите-читанка, Правен факултет „Јустинијан Први", УКИМ, Скопје, 2007
75. Николоски, Д.: Филипсовата крива во Република Македонија како инструмент за креирање политики, Економија и бизнис, год. 16, бр. 179, мај 2013
76. Николовска, Н., Силјановска-Давкова, Г.:Македонската транзиција во дефект, Магор, Скопје, 2001
77. Петрески, Б., Петреска, Д., Костадинов, А., Внимавајте на јазот меѓу буџетските ставки и програмите од Националната стратегија за намалување на сиромаштијата, Здружение за економско истражување, застапување и донесување економски политики „Finance Think", Скопје, 2014
78. Печијарески, Љ.: Невработеноста во Република Македонија, Скопје, Утрински весник 23.04. 2009

79. Симаи, М.: Социо – економски апсекти на превенцијата и човековата безбедност, Партнери во мир и превенција Регионална стабилност преку човекова безбедност, Фондација Фридрих Еберт, Канцеларија Скопје, 2008
80. Томовска, И.: Аспектите на човековата безбедност во Македонија. Стари или нови војни?, Центар за регионално истражување и соработка „Студиорум"- Скопје, 2007
81. Фити, Т.: Економија, Економски факултет, Скопје, 2008
82. Христов, Р.: Политика на социјалниот развој, Економски факултет, Скопје, 2008
83. Чинкин, К.: Човековата безбедност против државната безбедност – Школа за економија - Лондон, Светскиот трибунал за Ирак, Истанбул, Турција 25 Јуни 2005, шеста сесија / Светската безбедносна околина и идни алтернативи
84. Шнајдер, Ф.: Големината и развојот на работната сила во сивата економија на 22 транзициски и 21 ОЕЦД земји: Што навистина знаеме? 2004
85. Државен завод за статистика, Одржлив развој, 2016, Скопје, 2016
86. Закон за спречување на корупцијата, Сл.весник на Република Македонија, бр. 28/02
87. Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, Сл. весник на Р.Македонија бр. 153/12
88. Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија: Национална стратегија за вработување на Република Македонија 2015 година, 2011
89. Министерството за финансии на Република Македонија: Претпристапна економска програма 2013-2015: Макроекономски движења, јавни финансии и структурни реформи на, Скопје, јануари 2013 година
90. Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020
91. Устав на Република Македонија, Сл.весник на Република Македонија бр.52/92

**Интернет извори**

1. http://www.avrm.gov.mk/content/
2. http://www.ccc.org.mk/docs/Vodic-za-nevladini-organizacii-za-borba-protiv-korupcijata.pdf

3. http://countryeconomy.com/hdi/macedonia
4. http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2015/04/PolicyBrief33_MK.pdf
5. http://data.worldbank.org/indicator/SI.POV.GINI/countries/1W-EU-A9?display=map
6. http://www.sep.gov.mk/data/file/Progres%20Report%202014/Izvestaj%20MK_PROV_10_10_2014.pdf
7. http://www.eapn.eu/en
8. http://ec.europa.eu/eurostat/tgm/table.do?tab=table&language=en&pcode=tessi190
9. http://www.fundforpeace.org/programs/fsi/fsindicators.php
10. https://www.gdrc.org/sustdev/husec/Definitions.pdf
11. http://www.global-sisterhood-network.org/ content/view/352/76/
12. http//hdr.undp.org/en/reports/global/hdr1994/chapters/hdr_en_chap2.pdf
13. http://hdrstats.undp.org/images/explanations/MKD.pdf
14. http://hdr.undp.org/en/composite/IHDI
15. http://www.humansecuritynetwork.org
16. http://www.ilo.org/budapest/countries-covered/fyrm/lang--en/index.htm
17. http://www.investopedia.com/articles/economics/10/jobless-recovery-the-new-normal.asp
18. http://www.iri.org/country/macedonia
19. www.iss.europa.eu/fileadmin/fichiers/pdf/seminars/annual_2008/03-statement_by_mary_kaldor.pdf
20. http://www.komunikacija.org.rs/komunikacija/knjige/index_html/knjiga19/pdf24.pdf
21. http://www.mpps.org.mk/
22. http://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/Istrazuvanje_Kvartalen_izvestaj_Januari_2013.pdf
23. http://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Izveshtaj-na-Evropskata-komisija-za-napredokot-na-epublika-Makedonija-za-2013-16.10.2013.pdf
24. http://www.pravdiko.mk/kluchni-tochki-vo-izveshtajot-na-ek-za-makedonija-za-2016-godina/
25. https://www.quandl.com/c/
26. http://www.sobranie.mk/content/%D0%9D%D0%A1%D0%95%D0%98/PR2015_All_CK_FF_MK_16.11.2015.pdf
27. http://www.stat.gov.mk/

28. http://www.undp.org/content/undp/en/home/presscenter/pressreleases/2011/10/04/poverty-caused-in-part-by-discrimination-exclusion-lack-of-accountability-and-abuse-of-power-undp-director-tells-the-social-forum-of-the-human-rights-council.html
29. http://www.undp.org/content/undp/en/home/ourwork/povertyreduction/overview.html
30. http://www.undp.org/content/dam/undp/library/MDG/english/MDG%20Country%20Reports/Former%20Yugoslav%20Republic%20of%20Macedonia/MDG%20Report%2009%20ENG.pdf
31. http://www.worldbank.org/mk/country/macedonia